Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 250, 16 март 2020 година

март 2020 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РИМСКО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 3

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА – 51404 И ГЕОГРАФИЈА - 10500 НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 24

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО И ЕКОНОМСКА ТЕОРИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 59

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 76

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ (УЧЕБНИК) СО НАСЛОВ „НОВИНАРСКА ЕТИКА” ОД ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р АНДОН МАЈХОШЕВ, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 100

ПРЕГЛЕД НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО - НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 4 ........ 103

ПРЕГЛЕД НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО - НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ 104



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Виолета Карагунова
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РИМСКО ПРАВО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со *Одлука бр. 1102-48/3* од 3.3.2020 година, донесена на 191-та седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, одржана на ден 3 март 2020 година (вторник), определени сме за членови на **Рецензентска комисија** за избор на еден наставник во сите звања (вонреден професор) за наставно-научна област Римско право на Правниот факултет при УГД – Штип, во следниот состав:

1. проф. д-р Мирјана Поленак-Аќимовска (претседател) – редовен професор во пензија, Правен факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје, област Римско право,
2. проф. д-р Гоце Наумовски (член) – редовен професор, Правен факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје, област Римско право,
3. проф. д-р Игор Камбовски (член) – редовен професор, Правен факултет при УГД – Штип, област Граѓанско право.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат“ бр. 1887, стр. 29 (на македонски јазик) и весникот „Коха“ (на албански јазик) – на 18.2.2020 година – и во предвидениот рок, за делот 3.1. [Правен факултет – Наставник во сите звања за наставно-научна област Римско право] се пријави само еден **кандидат**:

- доц. д-р Димитар Апасиев, доцент на Правниот факултет при УГД.

**Пријавата** на кандидатот Апасиев на конкурсот бр. 0401-24/1 (од 20.2.2020 год.), поднесена во архивата на Правниот факултет, на ул. „Крсте Мисирков“ бр. 10-А – 2000 Штип, е навремена, комплетна и уредна, а ја содржи следнава целосна документација дадена во прилози:

1. *Диплома за завршен Прв циклус [додипломски] на студии бр. 14927* (26.V.2010) – во оригинал и три нотарски заверени примероци.
2. *Диплома за завршен Втор циклус [постдипломски] на студии бр. 152* - сер. бр. 00373 (18.6.2010) – во оригинал и три нотарски заверени примероци.
3. *Диплома за завршен Трет циклус [докторски] на студии сер. бр. 00007 - бр. 3845* (7.10.2015) – во оригинал и три нотарски заверени примероци.
4. *Уверение за положени испити на Прв циклус студии бр. 33-6/98* (12.3.2009) – во еден нотарски заверен примерок.
5. *Уверение за положени испити на Втор циклус студии бр. 09-5/1мм* (7.7.2010) – во еден нотарски заверен примерок.
6. *Уверение за положени испити на Трет циклус студии бр. 100/30* (20.4.2015) – во еден нотарски заверен примерок;
7. *Уверение за државјанство бр. 12.1.4.2/3-1850* (17.I2.2020) – во оригинал.

8. *Извод од матична книга на родените бр. 09н-17/4302* – PO976679 (22.11.2018) – еден примерок во фотокопија.
9. Важечка *лична карта бр. А2060226* – во фотокопија.
10. Потврда за познавање странски / англиски јазик, т.е. *Меѓународен сертификат Cambridge Certificate of Preliminary English № 0044216090* (13.5.2014) – во еден нотарски заверен примерок.
11. *Докторска дисертација* „Iudicia Publica - Римското кривично процесно право“ (2015) – во еден укоричен примерок [со спирала].
12. *Список на објавени рецензирани [научни и стручни] трудови* во референтна научна публикација, согласно ЗВО - со примероци од трудовите од последните пет години пред објавување на огласот (во оригинал и/или во фотокопија), достапни и на Е-репозиториум – во четири примерока.
13. *Извод од трудови на UGD Academic Repository* за последните пет години – во четири примерока.
14. *Кратка биографија* (Curriculum vitae) – во четири примерока.
15. Детално *професионално портфолио* (со досегашно искуство и работни позиции) – еден примерок.
16. *Сертификати, пофалници, признанија, уверенија* и *благодарници* за учество на настани, манифестации и конференции (во земјата и странство) – вкупно 17 на број [во фотокопија].

Врз основа на приложената документација од кандидатот чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при УГД да му го поднесеме следниов рецензентски реферат, односно:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***I. Биографски податоци***

Кандидатот Димитар Апасиев е роден на 22 септември 1983 година во Велес, каде завршува основно и средно гимназиско образование (*општа насока*) – со континуиран **одличен успех** 5.00, во сите учебни години.

Во 2009 завршува Прв циклус на редовни четиригодишни **додипломски студии** на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при најстариот и прворангиран Државен универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, отсек *Правни студии* (уставно-правна група) и се стекнува со стручен назив дипломиран правник. Во 2010 завршува Втор циклус на **постдипломски [мастер] студии** на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје, насока *Римско право и приватно-правна традиција* (Модул А: Римско право) и успешно ја одбранува магистерската теза со наслов: „Јавно-правни институти на римското право реципирани во денешните правни системи“ под менторство на проф. д-р Владо Бучковски – по што се стекнува со називот магистер по

право [Master of Laws, LL.M.]. Во 2015 завршува Трет циклус **докторски студии** на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ – Скопје (Институт за правно-историски науки – потпрограма: *Римско право*) и, како докторски кандидат под менторство на проф. д-р Билјана Поповска, ја одбранува својата докторска дисертација: „Iudicia Publica – Римското кривично-процесно право (со посебен осврт на правосудниот систем во време на Републиката)“ – по што се стекнува со научен степен доктор на правни науки од областа на Римското право [PhD].

Неговиот постигнат континуиран просечен успех на прв, втор и трет циклус на студии е 10.00 (десет) – без ниту еден преполаган испит во текот на школувањето. Како првенец на повеќе генерации, носител е на **наградите:** *Златен Цицерон* како двократен апсолутен победник на традиционалните Ораторски вечери „Иво Пухан“; Златен Јустинијан / *Плакета Јустиција* за најдобар постигнат успех на правни студии – како првенец на повеќе генерации (cum laude); јубилејната *Деветтоноемвриска награда проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов* за најдобар студент на Општина Велес и уште десетина други.

Бил на студиски престој на најдобриот руски државен универзитет „Ломоносов“ (Москва). Бил **стипендист** на European Public Law Center - Kikones Programme за млади правници (една година); потоа на Фондацијата за талентирани студенти „Коле Неделковски“ (две години); на Министерството за образование и наука на Република Македонија (четири години); како и на Россотрудничество (Программа: Новое Поколение).

Пет години бил демонстратор на Правниот факултет при УКИМ во Скопје, три години бил помлад асистент, една година бил асистент-докторанд на Правниот факултет при УГД во Штип и пет години бил **доцент** на истиот факултет.

Учествувал во неколку научноистражувачки проекти и досега има објавено дванаесет книги и монографии во коавторство со наши видни професори и академици, како и над 70 статии, односно научни и стручни **трудови**, поглавја, прикази на книги, истражувачки студии и есеи. Има преведено и редактирано десетици стручни текстови за разни општествени теми од познати теоретичари – и тоа: од англиски, руски, бугарски и српскохрватски јазик.

Во текот на својата академска кариера има учествувано на 100-на научни расправи, **симпозиуми**, стручни собири, конференции, средби, смотри, семинари, летни и зимски школи, кампови, промоции, обуки, презентации, работилници, трибини, панел-дискусии, тркалезни маси и јавни дебати од различни области на правото, во земјата и странство (Русија, Турција, Грција, Хрватска, Србија, Бугарија) – кои се детално наведени во професионалното Портфолио доставено во прилог на биографијата.

Пред и по полагањето на правосудниот испит тој е член на повеќе работни тела, експертски **комисии**, мрежи, стручни платформи и бази на податоци, со креирани професионални акаунти и open access профили. Бил *правен консултант* и советник за цивилноправни прашања на неколку правосудни државни органи, адвокатски канцеларии, синдикални организации, граѓански здруженија, неформални активистички иницијативи и општествени движења, а негови ставови и коментари за важни општествено-политички прашања – во форма на писма, изјави, интервјуа,

колумни и академски блогови – се објавени скоро во сите македонски пишани и електронски медиуми.

Негов научен интерес првенствено е **правната романистика** и правно-историските, воведно-теориските и јавно-правните науки, како и останати сродни јуристички дисциплини.

### *II. Општи услови за избор во звање вонреден професор*

Согласно чл. 166, ст. 2 од *Законот за високото образование* („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) – Глава XI, кандидатот кумулативно ги исполнува сите законски предвидени услови за избор во наведеното наставно-научно звање вонреден професор – и тоа:

1. Остварен **просечен успех** од најмалку *8,00 (осум)* на студиите на прв и втор циклус, за секој циклус посебно. Кандидатот Апасиев има просек од чиста десетка во сите три циклуса на студии (10.00 во додипломски, 10.00 во постдипломски и 10.00 во докторски студии – т.е. во прв, втор и трет циклус соодветно);
2. Научен степен **доктор на науки** од научната област за која се избира. Кандидатот Апасиев е доктор по Римско право од јануари 2015 година со издадена и свечено доделена диплома во април 2015 – за стекнат научен степен доктор на правни науки од обласста на Римското право.
3. Претходен **избор во наставно-научно звање**. Апасиев претходно бил биран во звањето доцент по Римско право на Правниот факултет при УГД, со *Одлука за избор во звање доцент на ННС бр. 1102-237/3 (17.09.2015)*.
4. **Способност** за изведување на високообразовна дејност. Апасиев во изминатите академски години има неколку позитивни оценки од студентите по спроведена интерна самоевалуација.
5. Објавени **најмалку пет рецензирани научни труда** во референтна научна публикација. Во последните пет години пред објавување на огласот за избор Апасиев има објавено тринаесет статии кои ги исполнуваат законските услови, а се депонирани и во Е-Репозиториумот на УГД и тоа:

| **Ред. бр.** | **Автор/и** | **Наслов на труд** | **Списание / публикација** | **Година на објавување** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Апасиев Димитар | *Улогата и значењето на Државното правобранителство во македонскиот правосуден систем – II дел* | Зборник на трудови од Шестата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ – том I (Право), Правен факултет, Штип; ISBN: 978-608-244-647-9; UDK: 347.964.1:342.1(497.7); стр. 161–174 | 2019 |
| 2. | Апасиев Димитар & Олга | *Начелото на законитост – нужен* | *Годишен зборник* [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Државен универзитет „Гоце | 2018 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Кошевалиска Елена Максимова | *коректив против арбитрерноста на државните органи во кривичната постапка* | Делчев“ – Штип, 2018; Yearbook 2018 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume VIII, Год. 8, 2018; ISBN: 1857-8713; УДК: 343.131:341.645; стр. 54–69 | |
| 3. | Апасиев Димитар | *Правните аспекти на референдумот за т.н. Преспански договор меѓу Република Грција и Втората страна (Case Study)* | *Годишен зборник* [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Државен универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2018; Yearbook 2018 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume VIII, Год. 8, 2018; ISBN: 1857-8713; УДК: 41.241(497.7:495):[342.573: 342.228(497.7); стр. 5–17 | 2018 |
| 4. | Апасиев Димитар & Марија Амповска и Игор Камбовски | *The role and significance of the State Attorney's Office in the judicial system of the Republic of Macedonia (II)* | BSSR – Balkan Social Science Review, Vol. 12, December 2018 - Меѓународно индексирано научно списание во базата SCOPUS; ISSN 1857- 8799; pp. 37-57 | 2018 |
| 5. | Апасиев Димитар & Марија Амповска и Игор Камбовски | *Улогата и значењето на Државното правобранителство во правосудниот систем на Република Македонија (I)* | “VIZIONE“ International magazine for social sciences, Vol. 31/18; ISSN: 1409-8962 - printed form; ISSN 1857- 9221 - electronic form; The Association of Intelectuals “Democratic Club” – Skopje; UDC 341.232.7:37(4–672ЕУ:497.7); pp. 145-154 | 2018 |
| 6. | Апасиев Димитар | *Кривичните судења пред римскиот Сенат во време на императорот Тибериј* | Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ – том I (Право), Правен факултет, Штип; ISBN: 978-608-244-548-9; УДК.343(37); стр. 261–278 | 2018 |
| 7. | Апасиев Димитар | *Цицерон – Rex Eloquentiae (III)* | *Годишен зборник* на Правен факултет, Државен универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2017; Yearbook 2017 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume VII, Год. 7, 2017; ISBN: 1857-8713; УДК: 808.51:347.96-05(37); стр. 22–41 | 2017 |
| 8. | Апасиев Димитар & Елена Максимова | *Судењето на вештерките во Римското и во средновековното право* | Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ – том I (Право), Правен факултет, Штип; ISBN: 978-608-244-423-9; | 2017 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | стр. 177–193 | |
| 9. | Апасиев Димитар | *Цицерон – Најречитиот од потомците на Ромул (II)* | *Годишен зборник* [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Државен универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2016; Yearbook 2016 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume VI, Год. 6, 2016; ISSN: 1857-8713; УДК: 808.51:347.96-05(37) 929; стр. 8–20 | 2016 |
| 10. | Апасиев Димитар & Елена Максимова | *Криминолошките аспекти на проституцијата – со посебен осврт на античката правна уреденост* | Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Штип; УДК. 343.544:34(3); стр. 250–270 | 2016 |
| 11. | Апасиев Димитар & Марија Амповска | *Locatio conductio од Римското право и неговите современи „правни наследници“ – I* | Зборник на трудови од Третата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Правен факултет, Штип; УДК. 347.440.14(37):347.453-027.18; стр. 464–482 | 2016 |
| 12. | Апасиев Димитар | *Cicero – Dissertissime Romuli Nepotum (I)* | *Годишен зборник* [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Државен универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2015; Yearbook 2015 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume V, Год. 5, 2015; ISSN: 1857-8713; УДК. 32-05 (37) 808. 5-05 (37)’; стр. 19–32 | 2016 |
| 13. | Апасиев Димитар & Марија Игњатовић | *Quaestio Maiestatis – Суђење пред Мајестатском квесцијом као редовним римским кривичним судом* | Зборник радова „Правни систем и заштита од дискриминације“ (Прва свеска); [The Legal System and Protection against Discrimination – Collection of papers, Vol. I]; Универзитет у Приштини (Косово), са привременом седиштем у Косовској Митровици; Косовска Митровица; стр. 447–462 | 2015 |

### *III. Посебни услови за избор во звање вонреден професор:*

Согласно чл. 10, ст. 2 од *Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип* (*Универзитетски гласник* на УГД бр.

43/2019 и 45/19), кандидатот кумулативно ги исполнува сите статутарни и правилнички предвидени подзаконски услови за избор во наведеното звање и тоа:

**1.** Рецензирани **учебни помагала** (скрипта и практикум). Апасиев, во последните пет години, поточно во учебната 2019 година, има објавено скрипта [за предавања] и практикум [за вежби] за студентите од прва година по матичниот предмет Римско право:

а) *Римско право – Скрипта II*, учебно помагало објавено на Е-библиотека, бесплатно електронско издание на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, ISBN: 978-608-244-661-5, линк: www.e-lib.ugd.edu.mk/854 [156 стр.];

б) *Римско право – Практикум II*, учебно помагало објавено на Е-библиотека; бесплатно електронско издание на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, ISBN 978-608-244-662-2, линк: www.e-lib.ugd.edu.mk/855 [119 стр.].

**2.** Учество во **научноистражувачки проекти**, односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати.

а) Во периодот 2015-2019 Апасиев, како автор на стручни академски блогови за правни теми, учествува во проектот *Изразување на јавниот интерес – Зголемување на моќта на медиумите и граѓаните во штитењето на јавните политики во Македонија* на Институт за комуникациски студии (ИКС) „Иницијатива за дигитално граѓанство Res publica“ – Висока школа за новинарство и односи со јавноста, Скопје.

б) Во периодот 2018-2019 Апасиев, земал учество во двогодишниот научноистражувачки проект *Улогата и значењето на Државното правобранителство во правосудниот систем на Република Македонија,* поддржан од Фондот за научноистражувачка работа на УГД – Штип.

**3.** Придонес во **оспособувањето на помлади наставници и соработници**.

а) **Рецензент**

* 2019–2018 рецензент на трудови објавени во *Годишниот зборник* на Правниот факултет при УГД – од областа на правната историја и компаративното уставно право, УГД, Штип.

* 2019–2017 рецензент на трудови на традиционалната меѓународна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ – од областа на правната историја и теорија (IV, V and VI International Scientific Conference *Social Change in The Global World*), Правен факултет, УГД, Штип.

* 2019–2016 Рецензент на трудови во меѓународното научно списание Student Social Science Journal, Правен факултет, УГД, Штип;

* 2017–2015 рецензент во меѓународното научно списание Balkan Social Science Review, Центар за правно-политички истражувања, Правен факултет, УГД, Штип.

* 2016 Рецензент на ракописи т.е. универзитетски помагала (скрипти и практикуми) од областите Цивилистика и Деловно

право – Оштетно право, Договорно право – Правен факултет, УГД, Штип.

б) **Ментор/координатор/раководител/обучувач/тренер**

* 2020–2019, раководител/ментор на првата Правна клиника за примарна бесплатна правна помош, Правен факултет, УГД, Штип.
* 2020–2014, координатор и организатор за спроведување и реализација на Ораторските вечери на Правниот факултет при УГД, Штип.
* 2019 член на стучна жири-комисија на XXIII Ораторска вечер „Иво Пухан“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје.
* 2018 ментор на студенти-оратори и дебатери на државниот меѓууниверзитетски натпревар по ораторство на тема „Студентска порака до Европа“ – во организација на Европското движење на Македонија (ЕДРМ) + Делегацијата на ЕУ во Македонија + Германската фондација „Конрад Аденауер“, Универзитет „Американ Колеџ“, Скопје [освоено прво место и добиена Плакета].
* 2108–2015 ментор, т.е. координатор на генерација 2015/2016 (Правни студии и Применета политика и дипломатија) – Правен факултет при УГД, Штип.
* 2017 ментор на студенти-оратори на државниот меѓууниверзитетски натпревар по ораторство на тема „Ја познавам ли доволно ЕУ?“ и студентска дебата на тема „ЕУ: задолжителна или алтернативна опција за студентите“ во организација на Европското движење на Македонија (ЕДРМ) + Делегацијата на ЕУ во Македонија + Германската фондација „Конрад Аденауер“, Филозофски факултет, Државен универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје [освоено второ место и добиено признание за менторство].
* 2016 ментор на студенти-оратори на државниот меѓууниверзитетски натпревар по ораторство на тема „Долго време пред портите на ЕУ – каде е клучот?“, како и на учесниците на студентскиот собир т.е. дебата на тема „Чекајќи ја ЕУ интеграцијата – отселување на младите од државата или борба за подобри можности“, ЕДРМ + Делегација на ЕУ + Фондација „Конрад Аденауер“, Педагошки факултет, Државен универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола.

4. Има остварено **минимум 75 поени** кои се однесуваат на целокупната актива на лицето (НО=30 + НИ=38 + САОР=7). Кандидатот Апасиев, во последните пет години пред изборот, има остварено вкупна актива од 310,5 (со букви: триста и десет) поени од релевантната Табела на активности за бодување – по сите основи [НО=30 + НИ=150 + САОР=130,5].

## IV. *Наставно-образовна и научноистражувачка дејност (НО + НИ)*

### 1. Движење во наставата и изборни постапки

Кандидатот Апасиев пет учебни години по ред (2005-2010) бил **демонстратор** на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје по предметите Римско право [Прв циклус студии] и Реторика [Втор циклус студии].

Три академски години (2011-2014) бил **помлад асистент** на Правниот факултет при УГД во Штип држејќи настава, т.е. вежби по следниве матични предмети: Римско право (прва година, II семестар), Историја на правото (прва година, I семестар), Филозофија на правото (трета година, VI семестар) како и по Уставно право (прва година, I семестар), Правосуден систем (прва година, I семестар), Локална самоуправа (втора година, IV семестар), Семејно право (втора година, IV семестар) и Облигационо право (втора година, IV семестар).

Една академска година (2014-2015) бил **асистент-докторанд** на Правниот факултет во Штип држејќи настава, т.е. предавања под надзор и вежби по предметите: Римско право (прва година, II семестар), Историја на правото (прва година, I семестар), Филозофија на правото (трета година, VI семестар), Уставно право (прва година, I семестар), Правосуден систем (прва година, I семестар), Локална самоуправа (втора година, IV семестар), Граѓанско процесно право (трета година, VI семестар) и Граѓанско право – Применета програма (четврта година, VIII семестар).

Пет академски години (2015-2020) бил **доцент** на Правниот факултет во Штип држејќи настава по предметите: Римско право (прва година, II семестар), Историја на правото (прва година, I семестар), Филозофија на правото (трета година, VI семестар), Правосуден систем (прва година, I семестар), и Реторика и правна аргументација (втора година, IV семестар).

### 2. Учество на научни симпозиуми во земјата и странство (конференции, тркалезни маси, работилници, школи, предавања и сл.) – со добиени соодветни сертификати за учество

* 2019 VI$^{th}$ International Scientific Conference *Social Change in The Global World*, State University 'Goce Delcev' – Stip, Faculty of Law, Center for Legal and Political Research, Ceremonial Hall, Shtip.

* 2019 *Демократија и владеење на правото преку образованието* (мрежа на средни училишта од Источниот и Југоисточниот плански регион) – советување за статусот на правните предмети со Бирото за развој на образованието во рамки на МОН, судница на Правен факултет при УГД – Штип.

* 2019 *Владеење на правото во Романија*, предавање на визитинг-професорот д-р Луцијан Дирдала (Prof. Lucian Dirdala – Faculty of Communication and International Relation / Department of Communication and Political Science, Romania), во рамки на Erasmus+ програмата (судница на Правен факултет УГД), Штип.

Vth International Scientific Conference *Social Change in The Global World*, State 'Goce Delcev' – Stip, Faculty of Law, Center for Legal and Political Research, l Hall, Shtip.

3 *Enterpreneurship and Knowledge-Based Economy* – Training Workshop 2020 - Twinning Project 'Smart EIZ''"; Ekonomski Institut Zagreb, Hrvatska.

3 Јавна седница по повод *Иницијатива за оценка на уставноста и ста на Одлуката за распишување консултативен референдум за т.н. ки договор*, Уставен суд на РМ (свечена сала за седници), Скопје.

*Бојкотот како самоодбрана*, политичка трибина на правниот сектор на ом на АРМ (голема сала), Струмица.

Научна трибина *Договорот меѓу Грција и 'Втората страна': Пандорина и излез од лавиринтот*, Филозофски факултет (сала за состаноци), УКИМ,

Јавна расправа по повод *Барање за заштита на слобода на изразување и а дискриминација* на членови на ПП Левица при антимилитаристички собир , Уставен суд на РМ (сала за седници), Скопје.

8 *Кривичната постапка во Соединетите Американски Држави – истики и тек на судењето, со посебен осврт на улогата на странките, и поротата* – предавање на Џон Мекнил – правен советник на Амбасадата на РМ, во рамки на манифестацијата Денови на симулирано судење, Правен УГД, Штип;

' Стручна дебата за криминал од омраза *Феноменологија, трендови и* , ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка во Европа, Мисија во : Правен факултет при Државниот универзитет „Гоце Делчев" – Штип, циска сала (стар Ректорат), Штип;

*Юбилейный всеславянский съезд 2017* – Международный союз общественных ний „ВСЕСЛАВЯНСКИЙ СОЮЗ - Всемирное движение славянских народов ое единство и взаимность", Москва и Санкт Петербург (Русија).

IVth International Scientific Conference *Social Change in The Global World*, State 'Goce Delcev' – Stip, Faculty of Law, Center for Legal and Political Research, l Hall, Shtip.

*Владеењето на природното право низ историјата*, предавање во рамки на та школа за природно право Демократија и владеење на правото (панел: адеење на право и човекови права), Центар за стратегиски истражувања при Амбасада на САД во РМ, Куќа Уранија, Охрид.

*Arche – расправа за власта и началството*, форум-дискусија во рамки на „Културни приказни", Филозофско друштво на Македонија и Христијански ки форум, ЕУ Инфо центар, Скопје.

IInd International Philosophical Dialog 'East-West' – *Law between Politics and* lacedonian Academy of Sciences and Arts (Centre for Strategic Research), nal Slavic University "Gavrilo Romanovich Derzavin" and Philosophical Society of ı; Skopje, Bitola & Ohrid.

Прва тркалезна маса *Можностите на Законот за заштита на укажувачите њето на корупцијата во високото образование во РМ*, Мрежа 23 и ИСИЕ –

Институт за стратешки истражувања и едукација, Правен факултет УГД, конференциска сала (стар Ректорат), Штип.

* 2016 III$^{th}$ International Scientific Conference *Social Change in The Global World*, State University 'Goce Delcev' – Stip, Faculty of Law, Center for Legal and Political Research, Ceremonial Hall, Shtip.

* 2016 *Policy of Education: Quality vs Quantity* – студентска дебата во рамките на манифестацијата „EU Stars / IV Student's Debate", во организација на Government of the Republic of Macedonia – Secretariat of European Affairs & State University "Goce Delcev", Faculty of Law; Ceremonial Hall, Stip.

* 2016 *Земјите на Бенелукс и силните страни на нивната регионална соработка* – предавање на амбасадорката на Белгија во Р. Бугарија (Софија), г-ѓа Аник Ван Калстер, Правен факултет, УГД, свечена сала (стар Ректорат), Штип.

* 2016 *Правото помеѓу политиката и моралот*, научен симпозиум во Македонската академија на науките и уметностите, свечена сала на МАНУ, Скопје.

* 2016 *Технологија и уметност: Револуција или хуманизација* – трибина во рамките на проектот „Booking Your Mind – културни приказни / Платформа за креативен дијалог низ култни европски автори и дела" (автор во фокус: Валтер Бенјамин); кино *Култура*, Скопје.

* 2016 *Да се има или да се биде: Антиконзумеризмот во ерата на продавање брендови и души* – трибина во рамките на проектот „Про-книжи го умот – Платформа за креативен дијалог низ култни европски автори и дела" (автор во фокус: Ерих Фром), ЕУ Инфо центар, Скопје.

* 2016 *25 години од донесувањето на Уставот на Република Македонија (1991)*, научна трибина и промоција на книга во организација на Центарот за правно-политички истражувања, Правен факултет, Државен универзитет „Гоце Делчев" – свечена конференциска сала, Штип.

* 2016 *Вклучени сите – Вклученост за сите!* Регионален форум за Источниот и Југоисточниот регион на Македонија (панел: „Заедно до социјална инклузија – можеме ли?), Civica Mobilitas, Фондација за развој на локалните заедници и Медиа плус, Мултимедијален центар „Канал 77", Штип.

* 2016 *Зошто треба да се грижиме за нееднаквоста?*, јавно предавање на доц. д-р Бранимир Јовановиќ, Институт за општествени и хуманистички науки (ИОХН), Скопје.

* 2016 *Левицата во Франција и социјалистичкиот отпор против новиот Закон за работни односи*, излагач Лукас Ципциос – КПФ, Социјален центар „Дуња" – Скопје.

* 2015 *Искуствата од примената на Законот за заштита од вознемирување на работното место во практиката* – тркалезна маса во организација на Здружението на правници на РМ и Факултетот за правни науки при Универзитетот „Американ Колеџ", Амф. 1, Скопје.

* 2015 „Стави точка - #HeForShe" – едукативна трибина во рамки на кампањата *16 дена активизам за ставање крај врз насилството врз жените и девојчињата*, Обединети Нации & Делегација на Европска Унија, Правен факултет УГД, Штип.

* 2015 = Национална конференција „Мултикултурализмот и толеранцијата – миграциите и предизвиците на социјалната интеграција", МАНУ – Македонска

академија на науките и уметностите & ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка во Европа (OSCE – Organization for Security and Cooperation in Europe, Mission in Skopje).

* 2015 *US Sentencing Guidelines* – предавање на правниот советник Марк Ласер од Американската амбасада во РМ, Правен факултет УГД, свечена судница, Штип.

* 2015 *Migration at Sea: International Law Perspectives and Regional Approaches – International Conference*; MASAFENET & UGD, Ohrid.

* 2015 *Образованието во XXI век – Состојби и перспективи*, Меѓународна научна конференција, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.

* 2015 *The VERITAS FORUM* – вечерна трибина на тема „Како верските слободи го прават светот побезбеден за различностите?“ во организација на Балканскиот институт за вера и култура и Oxford Connections (говорник Оз Гинис – социолог на религија), сала *Фросина* МКЦ – Скопје.

* 2015 *Филозофија и политика* – Научен симпозиум по повод Светскиот ден на филозофијата во организација на Филозофското друштво на Македонија и Филозофскиот факултет, Институт за филозофија, УКИМ – Скопје.

* 2015 *The Byzantine Philosophy and the Contemporary Social Sciences* – Lecture with prof. Georgi Kapriev, "St. Kliment Ohridski" University Sofia (Bulgaria), EU InfoCentre – Skopje.

* 2015 *Судовите – чувари на јавните или на приватните интереси*, стручна јавна дебата во рамки на проектот „Изразување на јавниот интерес – Зголемување на моќта на медиумите и граѓаните во штитењето на јавните политики во Македонија“, Институт за комуникациски студии (ИКС), Иницијатива за дигитално граѓанство Res publica – Висока школа за новинарство и односи со јавноста (со поддршка на Британската амбасада во РМ), хотел „Холидеј Ин“ – сала „Милемиум 2“, Скопје.

* 2015 *Уставните судови како креатори на политики* – интервјуиран во својство на експерт од пракса во рамки на истоимениот проект спроведен од страна на Центарот за истражување и креирање политики (Center for Research and Policy Making), Скопје и цитиран во издадената стручна публикација *The Transformative Role of the Macedonian Constitutional Court* (Marija Risteska & Emil Shurkov).

* 2015 *Можностите за соработка помеѓу Парламентарниот институт на Собранието на Република Македонија и организациите на граѓанското општество* – тркалезна маса во организација на Едукативниот центар на ПИ, Собрание на РМ, Скопје.

3. **Објавени книги, монографии и учебни помагала**

* 2019 *Римско право – Практикум II*, учебно помагало објавено на Е-библиотека, бесплатно електронско издание на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, ISBN: 978-608-244-662-2, линк: www.e-lib.ugd.edu.mk/855 [119 стр.].

* 2019 *Римско право – Скрипта II*, учебно помагало објавено на Е-библиотека; бесплатно електронско издание на Државниот универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, ISBN: 978-608-244-661-5, линк: www.e-lib.ugd.edu.mk/854 [156 стр.].

* 2019 *Реторика: историски и современи аспекти* (во коавторство со: Мирјана Поленак-Аќимовска, Владо Бучковски, Гоце Наумовски и Јован Андоновски), издавач Арс Ламина, ISBN: 978-608-259-344-9, Скопје [352 стр.].

* 2017 *Антички правни споменици – Хрестоматија*, издавач: MAGNA CARTA, едиција Правна историја, ISBN: 978-9989-2727-2-1, Скопје [254 стр.].

* 2016 *Римско судско право – I*, издавач: MAGNA CARTA, едиција Правна романистика, ISBN: 978-9989-2727-1-4, Скопје [117 стр.].

**4. Кратка научна евалуација на научните трудови – посебно за последните пет години (од последниот избор)**

* 2019 *Улогата и значењето на Државното правобранителство во македонскиот правосуден систем – II дел*, UDK: 347.964.1:342.1(497.7), Зборник на трудови од Шестата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“ – том I (Право), Правен факултет, Штип, ISBN: 978-608-244-647-9, стр. 161–174. Во првиот дел на овој труд користејќи го правно-историскиот и нормативниот метод, опфатена е легислативната уреденост на оваа специфична институција во правниот систем на нашата земја уште во периодот по Втората светска војна кога Македонија беше дел од СФР Југославија разгледувајќи го нејзиниот еволутивен пат низ сојузните и републичките закони. Потоа се разработува правниот статус и улогата на Јавното/Државното правобранителство во правосудниот систем на Република Македонија, согласно своевремено актуелната регулатива, која важела низ текот на годините. Во продолжение се разгледува правната природа на Државното правобранителство како учесник во судската парнична постапка, па се продолжува со опис на внатрешната организациска структура на правобранителството, како државен орган sui generis. Во овој, втор дел, се опфатени условите за именување и разрешување од функцијата државен правобранител, за во последната глава да се даде подетелен преглед на неговиот делокруг на работа, односно, на надлежностите и овластувањата кои ги има ДП vis-à-vis неговите процесни диспозиции.

* 2018 *Начелото на законитост – нужен коректив против арбитрерноста на државните органи во кривичната постапка*, УДК: 343.131:341.645, во коавторство со доц. д-р Олга Кошевалиска (прв автор) и ас. док. д-р Елена Максимова (трет автор), *Годишен зборник* [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Државен универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2018, Yearbook 2018 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip, Volume VIII, год. 8, 2018, ISBN: 1857-8713, стр. 54–69. Во овој коавторски труд направен е обид за анализа на начелото на законитост, неговиот историски развиток, неговата имплементација во меѓународните инструменти (во Меѓународниот кривичен суд како и меѓународните ad hoc трибунали, Европскиот суд за човекови права), како и правните последици кои се резултат на неговата примена. Посебен осврт е даден на начелото на законитост во македонското позитивно казнено право. Имено, принципот на законитост е темелна вредност, човеково право, но и фундаментален принцип во казненото законодавство. Согласно ова основно начело, нема кривично дело и нема санкција без претходна законска одредба Nullum crimen, nulla poena sine lege што, всушност, преставува гарнација за човековата слобода. Начелото на законитост ги штити граѓаните од арбитрерноста на државните органи, од незаконитото мешање, но има за цел и да осигури правичност и транспарентност на судските власти.

* 2018 *Правните аспекти на референдумот за т.н. Преспански договор меѓу Република Грција и 'Втората страна' (Case Study)*, УДК: 41.241(497.7:495):[342.573: 342.228(497.7), *Годишен зборник* [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Државен универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 2018, Yearbook 2018 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume VIII, год. 8, 2018, ISBN: 1857-8713, стр. 5–17. Во овој труд авторот се задржува на јуристичка аргументација на причините поради кои контроверзната Одлука за распишување на референдум бр. 08 – 4666/1 („Сл. весник на РМ" – 140/18 од 30.VII 2018) за перфидно планираната промена на уставното име на Републиката, донесена од страна на Собранието на РМ, не може да произведе правно дејство, поради директна спротивност со неколку важечки членови од Уставот на Република Македонија (1991), од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните (2005) и од Кодексот за добри референдумски практики (2007) на Венецијанската комисија при Советот на Европа. Дадено е и научно објаснување на капциозноста и двосмисленоста на самото поставено референдумско прашање, а опфатени се формално-правните и материјално-правните недостатоци во структурата и содржината на оваа мошне спорна собраниска одлука.

* 2018 *The role and significance of the State Attorney's Office in the judicial system of the Republic of Macedonia (II)* во коавторство со доц. д-р Марија Амповска (прв автор) и проф. д-р Игор Камбовски (втор автор), рецензиран труд на англиски јазик објавен во меѓународното индексирано научно списание BSSR – Balkan Social Science Review, Vol. 12, December 2018, ISSN 1857- 8799, pp. 37-57. Овој труд е настанат во рамки на едногодишниот научноистражувачки проект „Улогата и значењето на Државното правобранителство во правосудниот систем на Република Македонија" финансиран од страна на Фондот за научноистражувачка работа на УГД – Штип. Тој е дел од една замислена поголема монографија посветена на овој специфичен орган во нашиот правен поредок. Трудот ги претставува резултатите од анализата на годишните извештаи за работењето на оваа државна институција, како и на анкетата спроведена меѓу жителите од Источниот плански регион. За потребите на изработката на трудот спроведени се и неколку интервјуа со носители на оваа јавна функција.

* 2018 *Улогата и значењето на Државното правобранителство во правосудниот систем на Република Македонија (I)*, во коавторство со проф. д-р Игор Камбовски (втор автор) и доц. д-р Марија Амповска (трет автор) [двојна рецензија], UDC 341.232.7:37(4–672ЕУ:497.7), International magazine for social sciences „VIZIONE" Vol. 31/18, ISSN: 1409-8962 - printed form; ISSN 1857- 9221- electronic form, The Association of Intelectuals „Democratic Club" – Skopje, стр. 145-154. Авторите, користејќи го правно-историскиот и нормативниот метод започнуваат со легислативната уреденост на оваа институција во правниот систем на нашата земја уште во периодот по Втората светска војна кога Македонија беше дел од СФР Југославија, разгледувајќи го нејзиниот еволутивен пат низ сојузните и републичките закони. Потоа се разработува правниот статус и улогата на Јавното/Државното правобранителство во правосудниот систем на Р. Македонија, согласно своевремено актуелната регулатива, која важела низ текот на годините во втората половина на XX и почетокот на XXI век. Во третото поглавје се продолжува со разгледување на правната природа на Државното правобранителство, како учесник во судската парнична постапка; за во четвртото и последно поглавје да се финишира со опис на внатрешната организациска структура на правобранителството како државен орган sui generis.

* 2018 *Кривичните судења пред римскиот Сенат во време на императорот Тибериј*, УДК.343(37), зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", том I (Право), Правен

факултет, Штип, ISBN: 978-608-244-548-9, стр. 261–278. Промените во економско-општествената и државна структура на Рим, кои беа извршени во времето на Принципатот (I век пр.н.е. – III век н.е.), односно при преминот од републиканско кон монархиско државно уредување, неминовно се одразија и на римското кривично правосудство. Навистина, и во ова време на т.н. Римско класично право сè уште постоеја остатоци од поранешната когнициска постапка и сè уште цветаа постојаните т.н. Квесциони поротни судови (*Quaestiones perpetuae* или *quaestiones ordinariae*). Но, и покрај тоа, во раниот период на Империјата беа воведени и нови форми на кривични судови. Во рамките на овој труд, поради ограничениот расположлив простор, авторот се задржува главно на организацијата и јурисдикцијата на римскиот Сенат, како аристократски орган на тогашниот нобилитет и на судењата кои се одвиваа пред него во овој турбулентен период од римската државно-правна историја, со посебен осврт на дводецениското владеење на вториот принцепс Тибериј (Tiberius / вл. 14–37 год.).

* 2017 = *Цицерон – Rex Eloquentiae (III)*; УДК: 808.51:347.96-05(37), *Годишен зборник* [со меѓународен уредувачки одбор], Правен факултет, Државен универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 2017, Yearbook 2017 - Faculty of Law, „Goce Delcev“ University – Stip, Volume VII, Год. 7, 2017; ISBN: 1857-8713, стр. 22–41. Марко Тулие Цицерон, според традиционалниот изговор, или Марк Тулиј Кикерон (Marcus Tullius Cicero / 106–43 год. пр.н.е.), според поавтентичниот класичен изговор на латинскиот јазик, важи за неприкосновен „крал на беседништвото“ прво и најпрепознатливо име во римското и во целокупното античко, па и светско беседништво. Според мислењата на голем број видни проучувачи на класичната реторика, тој е првиот и последен автентичен римски „совршен говорник“ (*perfectus orator*), кој живеел и творел во првиот век пред Христа, а бил немилосрдно убиен на своја 63 годишна возраст. Истовремено, тој е и една од најзначајните личности од Антиката чиј индивидуален придонес остави неизбришлив печат во духовниот развиток на човештвото. Во неговиот лик се споени различни идеи, дела и доблести така што неговиот живот и неговите размисли и натаму предизвикуваат интересирање не само во европските, туку и во сите светски цивилизирани култури. Овој трет труд од трилогијата посветена на Кикерон, се осврнува на неговото дефанзивно судско говорништво, илустриран особено преку изложување на македонскиот превод на говорот „Муренова одбрана“ (*Pro Murena* / 63 год. пр.н.е.).

* 2017 *Судењето на вештерките во Римското и во средновековното право* (во коавторство со ас. док. м-р Елена Максимова – втор автор), Зборник на трудови од Четвртата меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, том I (Право), Правен факултет, Штип, ISBN: 978-608-244-423-9, стр. 177–193. Во Антиката, паранормалните и езотерични вештини за предвидување на иднината (лат. *ars mathematica*) и магиите (*artes magicae*) беа кривично гонети и казнувани, како намерно предизвикани т.н. *ѓаволски интервенции* на „лошите [демонски] сили“, со цел да се напакости на некого. Во текот на средниот век, пак, за разлика од Западна Европа каде што доминираше суровоста на католичката инквизиција, измачувањето и спалувањето на црковните клади за вештерство (*maleficium*), во Источното Ромејско Царство, односно во Византија, прогонувањето на маѓесниците и врачевите беше со малку поумерен интензитет, главно поради доминацијата на православието, а подоцна и поради падот на тој дел од Империјата под исламска, т.е. турско-османлиска власт. Но, општо земено, низ целиот христијански среден век кривичното право е опскурно, преполно со измислени религиозни кривични дела меѓу кои вештерството стои на прво место, а жената, како најчест извршител, е во правно подредена положба на таткото, братот или мажот и е сметана за суштество од понизок ранг, поради наводната лесно

расиплива природа. Овој коавторски труд, барем во македонски прилики, прави пионерски обид за расветлување на судењата на вештерките и маѓесниците во Старовековното римско и во Средновековното евро-континентално и англо-саксонско право, давајќи притоа и мошне интересни изворни записи од конкретни судски случаи кои, повеќе или помалку, се познати низ светската процесно-правна историја.

* 2017 *Закон судный людям – Первый старославянский правовой памятник*, труд презентиран на конференцијата „Славянские государство и право“ во рамки на Юбилейный всеславянский съезд (2017), во организација на Международный союз общественных объединений ВСЕСЛАВЯНСКИЙ СОЮЗ [*Всемирная задача Славянства – Труды Юбилєйного Всеславянского Съєзда*; стр. 538-544], Москва и Санкт Петербург (Русија). Законот за судење на луѓето (Законъ Соудный Людьм / скр. ЗСЛ) се јавува како прв старословенски правен споменик, но, исто така, и како еден од древните автентични писмени документи напишан на црковнословенски јазик. Историски гледано, потекнува од шеесеттите години на IX век и, во суштина, претставува своевидна старословенска редакција на византиската Еклога (ἐκλογή / VIII век) – римска збирка на закони создадена во епохата на владеењето на царот Лав III Исавриски [вл. 717–741 год.] и Константин V Копроним [вл. 741–775 год.] од т.н. еретичко-иконоборска Исавсриска/Сириска династија во Источното ромејско царство, која што, пак, се заснова на Јустинијановата кодификација (VI век) и на византиското обичајно право. Во ЗСЛ, во основа, се регулираат прашања од обласа на кривичното право, од каде што потекнува и неговото име. Трудов е објавен на руски јазик.

Целта на авторите е со овој труд да се провери развојот на туризмот по години, почнувајќи од периодот по војната до 2017 година, вклучително и трендовите на неговиот развој во иднина. Во овој научен труд, истражени се архивите на хотелските институции, како и статистиката земена од косовската агенција за статистика. Една од карактеристиките на ова истражување е дека исходот е заклучен со методот на споредување помеѓу годините од КАС и базата на податоци од хотелите (хотел Шари-Призрен). Споредбениот елемент и пребарувањето во релевантни институции, како што е Косовската агенција за статистика и базата на податоци за управување со хотели, послужија да ги постигнеме општите информации за трендовите на развој на туризмот во Призрен, што се рефлектира во неговото растење во квалитативниот и квантитативниот аспект во подобрувањето на условите со цел да ги поздравиме туристите. Од добиените резултати можеме да констатирам дека Призрен има добра перспектива за развој на туризмот во локален и меѓународен контекст, врз основа на забележаните посети, особено во текот на летото.

**44.** **KOTESKI,CANE** and Dimitrov,Nikola and Jakovlev,Zlatko (2017). *Функционално значење на општинскиот центар и карактеристики на социо - географските и економските одлики за развој на општина Новаци.* на: Седумнаесета Пелагонска културно-научна средба. Одржана на 25.11.2017г. Новаци Р. Македонија.http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20356

Авторите во овој научен труд ги обработиле поглавијата за социо-географските карактеристики, географската положба, историскиот развој на с. Новаци, функционалното значење на општинскиот центар, оддалеченоста на селските населби од централните населби, селски населби и динамика на селското население, институционална инфраструктура на селските населби, карактеристики на економските одлики за развој на Општина Новаци, земјоделство, големина на земјоделските површини на селата по населби, сточарство, шумарство, лов и риболов, индустрија, сообраќај и туризам.

**45.** Dimitrov, Nikola and **KOTESKI, CANE** (2017) *Преглед на истоимени населби од други држави со населби од општина Новаци како можност за соработка.* на: Седумнаесета пелагонска културно-научна средба. Одржана на 25.11.2017г.http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/20357

Според авторите текстот што го презентираат има цел да ги открие и претстави истоимените населби од други држави со населбите од Општина Новаци. Ова првично претставување на „населби двојници" пред локалната самоуправа треба да поттикне и иницира соработка во различни сфери од економскиот, општествениот и културниот живот на Општина Новаци со истоимени населби во соседните и други држави.

**2016**

**46.** Jakovlev, Zlatko and **KOTESKI, CANE** and Spirtov, Darko (2016) *Услови и перспективи за развој на туризмот во градовите Штип и Кочани и нивната околина.* In: Прва меѓународна научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", 28 May 2016, Stip, Macedonia.http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16494

Авторите истакнуваат дека туризмот во источниот регион на Р. Македонија е мошне развиен, но некои од туристичките места не се доволно опфатени и не се доволно промовирани за развој на туризмот. За добро развиено туристичко место во Источниот регион можеме да кажеме дека е градот Берово и околината со сите негови атракции. Во нашиот научен труд ние ќе ги опфатиме перспективите и условите за развој на Источниот регион во градовите Штип, Кочани и нивната околина и ќе се обидеме да ги презентираме туристичките атракции кои ги нудат овие прекрасни места кои имаат потенцијал за развој на туризмот. Анимацијата е една од најважните сегменти за развој на туризмот. Анимацијата е сплет на спортско - рекреативни, културно - забавни и излетнички содржини и активности, кои посетителите ги мотивираат активно и динамично да партиципираат во нив за време на туристичкиот престој.

**47.** **KOTESKI,CANE** and Jakovlev,Zlatko and Soltirovska,Dragana (2016) *Туристички знаменитости во северно-источен дел на Македонија.* In: Прва меѓународна научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", 28 May 2016, Stip, Macedonia.http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16497

Авторите истакнуваат дека Североисточниот регион не е многу развиен, за разлика од другите региони во државата, но тоа не значи дека нема вредни места за посетување. Напротив, природата не била себична во овој дел и навистина ако малку истржуваме и ако сакаме да се зголеми вашето знаење ќе треба да дојдете тука. Да почнеме првин со легендата за Батко Ѓорѓија во Куманово, локалитетот Зебарњак, Манастирот Свети Јоаким Осоговски кој претставува синоним за Крива Паланка, локалитет Камени кукли-Куклица во Кратово итн. Со подобрување на патиштата, со заштита на знаменитостите, со обучен кадар и со голем маркетинг и промоција туризмот може да постигне поголем развој во овој дел и луѓето да се запознаат со богатствата кои ги нуди овој регион.

**48.** Jakovlev,Zlatko and Arnaudova,Blagica and **KOTESKI,CANE** (2016) *Натуризмот како дел од меѓународниот туризам.* In: Прва меѓународна научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", 28 May 2016, Stip, Macedonia.http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16500

Авторите овој труд го посветиле на натуризмот како дел од меѓународниот туризам. Во кратки црти го објаснуваат поимот и значењето на термините натуризам, натуристи и натуристичко

движење. Основањето на натуризмот, развитокот и реформите во натуризмот и натуристичкото движење се опфатени во делот историја на натуризмот. Натуризмот како движење во општеството со тек на времето се менувал за што се зборува во делот Преродба на натуризмот и натуризмот денес. Балканските натуристички дестинации се посебно интересни за што се пишува во делот посветен токму на нив. На крајот од овој труд се објаснува натуризмот и неговиот развој во Р. Македонија.

**49.** Jakovlev,Zlatko and **KOTESKI,CANE** and MatetaGigova,Dusica (2016) *Menagment na usluzna dejnost.* In: Прва меѓународна научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија, 28 May 2016, Stip, Macedonia.http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16519

Авторите укажуваат дека оваа тема се однесува конкретно на менаџментот. Менаџментот е навистина важен дел, односно столб на секој бизнис во една успешна компанија. Како што бизнисот поминува низ различна фаза од животниот циклус, така расте и потребата за менаџментот. Менаџмент наједноставно на подготвен и искусен тим е со план на персоналот за понатамошно и успешно раководење.

**2015**

**50.** Jakovlev, Zlatko and Serafimova, Mimoza and **KOTESKI, CANE** (2015) *The employment process in tourist companies as a condition for their entrepreneurial advance.* In: Second International Scientific Conference: Social change in the global world, 3-4 Sept 2015, Stip, Macedonia.http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14583

Авторите истакнуваат дека ефективното барање работа е процес низ кој поминува скоро секоја млада личност. Мал број млади имаат можност да учат и да добијат информации за управување со човечките ресурси, со што се третира предметот на вработување и ефективна работа во туристичкиот сектор. Затоа, постои голема потреба од едукација и обука на невработените за техниките и активностите за специјализирано знаење во активното барање работа, што во современото управување сѐ повеќе се поврзува со иновативно знаење. Преземањето личен ризик со агресивно активирање демонстрирање на нови, иновативни пристапи ја прави разликата помеѓу барањето работа или без општо знаење, способност и план за вработување и можности за апликација и напредни комуникациски вештини и убедување, одење на интервју и манифестација на овие способности на преговори и договарање, што е особено важно во секторот туризам. Едноставно, разликата не е само помеѓу неорганизирана и организирана потрага по вработување, туку и иновативен, проагресивен пристап кон различностите и идни задачи и работни задачи за решавање на проблеми. Овие вештини се научени, стекнати и усовршени, но се разликуваат во нивната манифестација на индивидуалност. Како и во секој бизнис и инвестиција, така и во барање работа, прво треба да се инвестира, а потоа да се очекува враќање. Туристичките компании со вработување на такви вработени можат да го зајакнат нивниот развој на претприемништво што е подинамичен процес отколку во сите други институции за управување.

**51.** Dimitrov, Nikola and **KOTESKI, CANE** and Jakovlev, Zlatko (2015) *Просторно – популациски карактеристики на населбите во Пелагонискиот статистичко плански регион.* In: V Конгрес на географите од Република Македонија со меѓународно учество, 26-27 Sept 2015, Skopje, Macedonia; http://eprints.ugd.edu.mk/11841/

Авторите во научниот труд ги навеле основните популациско-просторни карактеристики на населбите од ридско-планинските подрачја по статистички плански региони. Главно место во текстот има бројот и поделбата на населбите по површина и по големина по број на жители и тоа за населбите во Пелагонискиот статистчко плански регион. Во оформување на ракописот е користен статистичко-квантитативен метод од кој произлегуваат извесни резултати и заклучоци. Составен дел на ракописот се повеќе табели, кои содржат податоци за понатамошни истражувања. Заклучните размислувања се насочени кон утврдување на причините и на последиците од состојбата во која се наоѓа најголем дел од Пелагоснискиот статистичко плански регион.

***Монографии или научни книги објавени во странство (7)***

**2019**

**52. KOTESKI, CANE** and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko (2019) *Tourist values and sustainable development in the R.Macedonia.* LAP LAMBERT Academik Publishing, 17 Meldrum Street, Beau Bassin 71504, Mauritius, pp. 1-113. ISBN 978-613-9-99970-5, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21373

Авторите пишуваат за Одржливиот развој кој е „развој што ги реализира сегашните потреби без да се загрозува можноста на идните генерации да ги задоволат нивните потреби". Во Стариот град се чуваат разни видови културни вредности кои датираат од XIII век и некои од нив сè уште се зачувани. Овој проект ќе ја опише активноста на Стариот град и неговите вредности, што претставува значајно културно наследство на градот. Преку разни видови на проекти за заштита и организирање на културни настани во Стариот град ќе придонесе за негово одржување, притоа привлекувајќи ги посетителите и туристите. Природата беше несебична и му даде на Мавровскиот регион огромно богатство на необични убавини и реткости, реки, водопади, пештери, бујна вегетација, зачудувачки планински пасишта, што е огромен потенцијал за развој на неколку гранки на економијата, особено развојот на туризмот. Маврово е меѓу познатите зимски спортски и рекреативни центри за скијање и како одлична туристичка дестинација, која е атрактивна во текот на целата година.

**2018**

**53.** Dimitrov, Nikola and **KOTESKI, CANE** and Jakovlev, Zlatko (2018) *The role of the tourist guide in the promotion of tourism in the Republic of Macedonia.* LAP Lambert Academic Publishing GmbH&Co.KG, Saarbrucken, Germany. ISBN 978-613-5-83401-7, објавена 11.01.2018, http://eprints.ugd.edu.mk/19074/

Содржината на овој научен труд се состои од три дела. Во секој дел има теоретски, информативни и истражувачки рамки. Предмет на обработка во целиот научен труд е улогата на туристичкиот водич во туристичката анимација и улогата на туристичкиот водич за придонес кон развојот на туризмот, привлекување туристи, остварување профит, поттикнување на мотивација за одредено туристичко патување и зајакнување на туристичката гранка во Македонија.

**2017**

**54.** Zlatko,Jakovlev, Nikola V. Dimitrov, and **CANE, KOTESKI,** (2017) *Animation and Tourizm.* LAP LAMBERT Academic publishing . ISBN 978-3-330-31917-2, објавена 18.05.2017, http://eprints.ugd.edu.mk/17812/

Во оваа книга авторите ја објаснуваат природата на анимацијата, туристичката побарувачка и суштината на комуникациите во туризмот. Акцентот е ставен на анимацијата како составен дел на туристичката понуда и анимација за претприемништво во туризмот.

**2016**

**55.** Dimitrov, Nikola and **KOTESKI, CANE** (2016) *Spatial planning.* LAP Lambert Academic Publishing GmbH&Co.KG, Saarbrucken, Germany Saarbrucken, Germany. ISBN 978-659-83361-8, објавена 09.02.2016, http://eprints.ugd.edu.mk/15425/

Во книгата авторите обработуваат повеќе поглавја поврзани со просторот, просторот како систем, просторната економија, планирање на просторот, социјални детерминанти на просторното планирање, просторното планирање како процес на индустријализација, урбанизација, регионализација, заштита на просторот и одржлив развој итн. Детално се објаснети целите и критериумите во просторното и регионарното планирање, но и планирањето на просторот за туристички цели, опремување на просторот со туристички објекти и планирање на туристички подрачја и други просторни елементи поврзани со туризмот.

**56.** Jakovlev,Zlatko and Serafimova,Mimoza and **KOTESKI,CANE** (2016) *Entrepreneurial and managerial aspects of animation in tourism.* LAP Lambert Academic Publishing GmbH&Co.KG,

Saarbrucken, Germany. ISBN 978-3-659-86161-1, објавена 15.3.2016, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15631

Авторите оваа книга ја претставиле во четири дела. Во првиот дел се објаснети теоретските аспекти на анимацијата во туризмот и принципите на анимација во туризмот. Во вториот дел, акцентот е ставен на анимацијата како составен дел на туристичката понуда. Тука се објаснети природните и антропоцентричните вредности. Во третиот дел главната карактеристика е претприемништво на анимација во туризмот и во последниот четврти дел се дадени заклучоци.

**57.** **KOTESKI,CANE** and Jakovlev,Zlatko and Petrevska,Biljana (2016), *Determining tourist events in east region of the Republic Macedonia.* LAP Lambert Academic Publishing GmbH&Co.KG, Saarbrucken, Germany. ISBN 978-3659-86291-5, објавена 29.03.2016, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15725

Авторите во трудот направиле „Утврдување на туристичките настани во Источниот регион на Р. Македонија.“ Обработени се поглавја од природно географските карактеристики на Источниот регион во земјата, спортскиот туризам како најважната форма на туризмот, придонесот на туризмот во регионалниот развој од Источниот регион на Р. Македонија, современите предизвици на претприемништво и туристичка комуникација, достигнувања на функцијата на современиот туризам и претприемништво во земјата.

**58.** Dimitrov,Nikola and **KOTESKI,CANE** and Josheski,Dushko (2016) *Demographics:Theory and applications.* LAP LAMBERT Academic publishing . ISBN 978-3-659-89654-5, објавена 3.6.2016, ; http://eprints.ugd.edu.mk/15906/

Во книгата авторите ја третираат демографијата од теоретска и применета страна. Материјалот во оваа книга е поделен на четири теми, имено: 1. Вовед во демографијата, 2. Движење на населението, 3. Структура на населението и 4. Транзиција и демографска популациона политика. Во сите теми има голем број на податоци кои иницираат сериозни проблеми во демографијата.

***Монографија или научна книга објавена во земјата (3):***

**2018**

**59.** **KOTESKI, CANE** and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko and Apostolov, Mico and Magdinceva Sopova, Marija and Josheski, Dushko and Namicev, Petar (2018) *Каталог за научниот проект: Можности и перспективи за развој на туризмот во сливот на Црна Река.* Project Report. Univerzitet „Goce Delcev“ - Stip, Stip-Macedonia.http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19918

Раководителот на проектот кажува дека основниот мотив за изработката на овој научен универзитетски проект на тема: „Можности и перспективи за развој на туризмот во сливот на Црна Река” е непостоењето на еден ваков научоистражувачки проект како и големите демографски промени кои се појавиле во изминатите 40 години. Содржината на овој универзитетски научноистражувачки проект е мошне обемна тргнувајќи од природните и општествено – економските појави и проблеми како во минатото така и денес. Покрај големите природни богатства на сливот, сепак одредени области и денес спаѓаат во едни од нај неразвиените економски области во државата. Според својата содржина проектот е за да можат разни институции да ги користат научните резултати како што се: науката и образованието, министерството за одбрана, полицијата, здравството, противпожарната служба, локалните самоуправи на 13 општини и јавноста. Во проектот обработени се: природно географските одлики, населението, населбите, стопанско – географските одлики, сообраќајот, туризмот, регионално географската диференцијација на сливот и функционалниот развој на одделните регионални целини.

**2017**

**60.** Dimitrov,Nikola and MagdincevaSopova,Marija and Angelkova,Tanja and Jakovlev, Zlatko and **KOTESKI, CANE** and Josheski, Dushko and Miceva, Magdalena (2017) *Водич, Културно наследство на Општина Гевгелија.* Project Report. Општина Гевгелија, Гевгелија.http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19436

Општина Гевгелија е мала по површина, но е ризница на разновидно културно наследство од најстар период до денес. Водичот ги презентира најважните информации за културно – историските споменици и манифестации во Општина Гевгелија, во целина и посебно за градот и секоја рурална населба. Проценуваме дека оваа форма на Водичот има туристичка намена и е во правец на промоција на културното наследство на Општина Гевгелија. Водичот е дел од истражувачкиот проект помогнат од Општина Гевгелија, а реализиран од истражувачки тим на Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија.

**2016**

**61.** Serafimova,Mimoza and Petrevska,Biljana and Jakovlev,Zlatko and **KOTESKI, CANE** and Zezova, Aleksandra (2016) *Современи предизвици на претприемништвото и туризмот во Република Македонија.* Project Report. Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Македонија.http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15878

Монографијата „Современи предизвици на претприемништвото и туризмот во Република Македонија“ се користи како помошно наставно средство по предметите Претприемништво, Промотивни активности, Основи на туризмот, Туристичка картографија и Култура на изразување и комуникација. Предложениот ракопис е во согласност со наставните програми предвидени за наведените предмети на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Штип, за студиските насоки: Туризам, Бизнис администрација и Бизнис логистика. Тоа значи дека предложениот ракопис ја опфаќа наставната програма по наведените предмети.Монографија од оваа област со сличен или ист наслов не постои. Овој ракопис претставува новитет во научната област и како таков ги задоволува барањата на наставната материја.Ракописот методолошки е структуриран во пет глави кои меѓу себе се надополнуваат, а во секоја од нив се разработени основните поставки, потребата и значењето на претприемништвото и туризмот во Република Македонија.

Од вкупно 3 монографии и научни книги објавени во земјата, кандидатот д-р Цане Котески како коавтор се јавува во 3 монографии и научни книги, од кои во 1 монографија и научни книги е прв автор.

***Стручни книги (4):***

**2018**

**62.** Dimitrov, Nikolaand Taskov, Nako and Jakovlev, Zlatko and **KOTESKI, CANE** and Petrevska, Biljana and Metodijeski, Dejan (2018) Едиција „ТУР РЕТУР“, Книга 1 *Прирачник за полагање стручен испит за туристички водич*, FTBL, University „Goce Delcev“, Stip, ISBN 978-608-244-486-4, http://eprints.ugd.edu.mk/19433/

Преку книга 1 – *Прирачник за полагање стручен испит за туристички водич*, пријавените кандидати имаат можност да се здобија со основни знаења за туризмот и нивна подготовка за организирање и реализирање на туристичко водење на група на странски и домашни туристи во просторот на Република Македонија.

**63.** Dimitrov, Nikolaand Taskov, Nako and Jakovlev, Zlatko and **KOTESKI, CANE** and Petrevska, Biljana and Metodijeski, Dejan (2018) Едиција „ТУР РЕТУР“, Книга 2 *Прирачник за полагање стручен испит за туристички придружник*, FTBL, University „Goce Delcev“, Stip, ISBN 978-608-244-487-1, http://eprints.ugd.edu.mk/19434/

Преку книга 2 – *Прирачник за полагање стручен испит за туристички придружник*. Пријавените кандидати имаат можност да се здобијат со основни знаења за туризмот и нивна подготовка за организирање и реализирање на туристичко придружување на група на домашни и странски туристи надвор од границите на Република Македонија.

**64.** Dimitrov, Nikolaand Taskov, Nako and Jakovlev, Zlatko and **KOTESKI, CANE** and Petrevska, Biljana and Metodijeski, Dejan (2018) Едиција „ТУР РЕТУР“,Книга 3: *Прирачник за полагање стручен испит за раководење со туристичка агенција*, FTBL, University „Goce Delcev“, Stip, ISBN 978-608-244-488-8, http://eprints.ugd.edu.mk/19435/

Преку книга 3 – *Прирачник за полагање стручен испит за раководење со туристичка агенција*, пријавените кандидати имаат можност да се здобијат со основни знаења за туризмот, планирање, организирање и раководење со туристичка агенција во просторот на Република Македонија.

**2017**

**65.** Dimitrov,Nikolaand Magdinceva,Sopova,Marija and Angelkova,Tanja and Jakovlev,Zlatko and **KOTESKI,CANE** and Josheski,Dushkoand Miceva,Magdalena (2017) *Водич, Културно наследство на Општина Гевгелија.* Општина Гевгелија ; http://eprints.ugd.edu.mk/19436/

Во водичот за културното наследство на Општина Гевгелија презентирани се најважните информации за културно – историските споменици и манифестации во Општина Гевгелија, во целина и посебно за градот и секоја рурална населба. Водичот има туристичка намена и е во правец на промоција на културното наследство на Општината. Водичот е дел од истражувачки проект помогнат од Општина Гевгелија, а реализиран од истражувачки тим на Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија.

Од вкупно 4 стручни книги објавени во земјата, кандидатот д-р Цане Котески во сите се јавува како коавтор.

***Учебници, скирпти и практикуми (8):***

**2020**

**66. KOTESKI, CANE** (2020) *Меѓународен туризам- Практикум.* „Goce Delcev“ University, Stip, Macedonia. ISBN 978-608-244-709-4,

**2019**

**67. KOTESKI, CANE** and Dimitrov, Nikola (2019) *Национална туристичка географија- учебник.* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Stip- Republika Severna Makedonija. ISBN 978-608-244-641-7, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/22768.

Ракописот „Учебник по Национална туристичка географија“ од предметот Национална туристичка географија, се изучува во прв циклус, шести семестар, трета година на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија. Предметот е задолжителен на насоката Туризам и со неделен фонд на часови од 3+2+2, и изборен на насоката ГИД (Гастрономија, Исхрана и Диететика) со неделен фонд на часови од 2+1+1. Приложениот ракопис е во согласност со Наставната програма од насоката Туризам и ја опфаќа наставната материја за студиската програма по Туризам и ГИД (Гастрономија Исхрана и Диететика) на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија.

**2018**

**68. KOTESKI, CANE** (2018) *Меѓународен туризам- учебник.* „Goce Delcev“ University, Stip, Macedonia. ISBN 978-608-244-559-5, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/21115.

Учебникот е наменет за студентите од насоката Туризам, задолжителен предмет во V- семестар, III - година со фонд на часови 3+2+2, 8 кредити и на СП. ГИД - Штип и во Скопје како изборен предмет во V- семестар, III - година со фонд на часови 2+1+1.

**2017**

**69.** Dimitrov,Nikola and Metodijeski, Dejan and **KOTESKI, CANE** and Angelkova, Tanja (2017) *Религиозен туризам- учебник.* „Goce Delcev“ University, Stip. ISBN 978-608-244-463-5, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19477.

Во учебникот се зборува за религијата и туризмот, како феномени на постојано менување и изучување. Се работи за интеракција меѓу религијата и туризмот. Туризмот е во центарот на вниманието и во нашето општество, па затоа е разбирлив меѓусебниот однос на овие два феномена – религијата и туризам. Во книгата се обработени сите поголеми религии и нивната улога во развој на религиозниот или верски туризам.

**70. KOTESKI, CANE** (2017) *Сообраќај во туризмот- учебник.* Универзитет „Гоце Делчев“- Штип.ISBN978-608-244-395-9, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18450.

Учебникот сообраќај во туризмот е наменет за студентите од насоките Туризам IV семестар во Гевгелија, Штип и Скопје со фонд на часови 2+2+1, како задолжителен предмет и на насоката ГИД- Гастрономија, Исхрана и Диететика во I семестар во Штип и Скопје со фонд на часови од 2+1+1 како изборен предмет, Учнбикот е обработен во седум поглавија и е наменет освен за студентите и за сите туристички работници во туристичката индустрија.

**2016**

**71. KOTESKI,CANE** (2016) *Туристичка картографија -учебник.* Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Македонија. ISBN 978-608-244-299-0, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15876.

Ракописот од учебникот „Учебник по Туристичка картографија“ е наменет за предметот Туристичка картографија кој се изучува во прв циклус, петти семестар, трета година на Факултетот за туризам и бизнис логистика – Гевгелија. Предметот е задолжителен и со неделен фонд на часови од 2+2+1 и се вреднува со 6 кредита. Ракописот е напишан на 260 страници, број на прилози во учебникот на слики изнесува 135, 69 карти и 12 табели. Се состои од осум глави, при што секоја глава е во согласност со Наставната програма по предметот Туристичка картографија. Обемот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, но и за сите студенти од останати факултети на кои се изучува предметот Туристичка картографија.

**2015**

**72.** Dimitrov, Nikola and **KOTESKI, CANE** (2015) *Туристичка географија - учебник.* Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISBN 978-608-244-216-7,http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14353

Во учебникот се презентира развитокот на туристичката географија, природните, антропогените, комуникативните, рецептивните мотиви и други елементи важни за туризмот, а присутни во географскиот простор. Потоа следи опис за географија на туризмот гледано по континенти и држави. На крајот даден е поширок опис на туристичката географија на Рпублика Македонија.

**73.** Dimitrov, Nikola and **KOTESKI, CANE** (2015) *Практикум по Туристичка географија.* ISBN978-608-224-217-4.http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14352

**74. KOTESKI, CANE** (2015) *Практикум по туристичка картографија.* ISBN 978-608-244-241-9.http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14182.

Од вкупно 8 учебника, скрипти и практикуми, кандидатот д-р Цане Котески како самостоен автор се јавува во 5, а во другите 3 наслови е коавтор.

Од приложената евалуација може да се заклучи дека кандидатот д-р Цане Котески има публикувано повеќе разновидни трудови во научни списанија, научни публикации, книги, учебници, скрипти, практикуми и слично. Севкупно, во периодот на избор (2015-2020) од вкупно 74 наслови, како сам автор се јавува во 8 наслови, како прв автор во 20 наслови, и во останатите 46 наслови е втор, трет или друг по ред автор.

Кандидатот д-р Цане Котески во меѓуизборниот период во научноистражувачката дејност се појавува како **раководител и учесник во 5 проекта** и тоа:

1. Проект: „ТУР РЕТУР“, Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија, Обука за туристички водич, туристички придружник и раководител на туристичка агенција, учесник од 2011 год.- тековно.
2. Dimitrov, Nikola and Taskov, Nako and **KOTESKI, CANE** and Mitreva, Elizabeta and Metodijeski, Dejan and Angelkova, Tanja andJosheski, Dushko and Filiposki, Oliver and Kovacevik, Kristina (2015) *Историско – географски пресек на туризмот и угостителството во Република*

*Македонија.* https://scholar.ugd.edu.mk/nikolavdimitrov/proekti. Проект на ФТБЛ финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на УГД, Одлука бр. 0201-165/6 од 29.1.2015 (Универзитетски сенат) и Одлука бр.2602-1395/3 од 1.12.2014 (Фонд за НИП).

3. Jakovlev, Zlatko and **KOTESKI, CANE** and Petrevska, Biljana and Serafimova, Mimoza and Zezova, Aleksandra and Apostolov, Mico and Josheski, Dushko and Paceskoski, Vlatko (2015) *Детерминирање на туристичките настани во Источниот регион на Република Македонија.* (Проект на ФТБЛ финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на УГД, Одлука бр. 0201-165/6 од 29.01.2015 (Универзитетски сенат) и Одлука бр. 0801-139/31 од 27.1.2015 (Фонд за НИП).
4. **KOTESKI, CANE** and Dimitrov, Nikola and Jakovlev, Zlatko and Apostolov, Mico and Atanasovski, Drasko and Magdinceva Sopova, Marija and Temelkov, Zoran and Josheski, Dushko and Miteva Kolevska, Natasa (2017) *Можности и перспективи за развој на туризмот во сливот на Црна Река.* http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17878. (Проект на ФТБЛ финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на УГД, Одлука бр. од 29.1.2017 (Универзитетски сенат) и Одлука бр. 0206-151 / 16, 0201-545 / 9 и 0307 -98/77 од 1.11.2017 година) и Одлуката на Сенатот бр. 0201-922 / 30 од 21 ноември 2018 година
5. Magdinceva Sopova, Marija and Dimitrov, Nikola and Angelkova, Tanja and Jakovlev, Zlatko and **KOTESKI, CANE** and Josheski, Dushkoand Miceva, Magdalena (2017) *Иновативен пристап во развојот на културниот туризам во Општина Гевгелија преку културното наследство, настаните и субјектите.* Одлука Бр.2102-81/12 од 28.2.2017г., http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/19300.

Од приложената документација за научноистражувачки проекти може да се заклучи дека кандидатот д-р Цане Котески учествува на повеќе научни собири, раководи и учествува во проекти.

***СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦСКО - РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ***

Стручно апликативната дејност на кандидатот д-р Цане Котески во текот на повеќегодишната работа се состои во:

- Учествува во факултетските органи, комисии (член на ННС, член на Комисијата за упис на студенти на прв циклус, член во Дисциплинска комисија, член на Комисијата за самоевалуација на ФТБЛ).
- Учесник во научни проекти (од областа во која се бира), учествувал во неколку научноистражувачки проекти и бил во улога на: учесник – истражувач.
- Заедно со колеги и студенти десет години по ред активно учествува во организирање на традиционалната изложба „Туристичко - гастрономска изложба на алтернативни форми за развој на туризмот“ која традицинално се организира од страна на Факултетот за туризам и бизнис логистика во Гевгелија. Заедно со колеги и студенти учествува во организирање и реализација на теренска настава, посета на семот за туризам во Белград и Софија.
- Заедно со колегите и студенти се истакнува во организирање на научно – стручната конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија“ која две години по ред, во мај месец 2016 и 2017 година се одржа во Штип.

***Преглед 1. Член во рецензентски комисии, научни одбори и други комисии***

- Надворешен член е на ННС на Факултет за природни и технички науки при УГД.
- Член е на ННС при ФТБЛ од 13.8.2010год.
- Член е на Комисијата за упис на студенти на прв циклус, 2018/2019.

- Член на научен одбор на Треќи меѓународни скуп, TISC – Tourism International Scientific Conference Vrnjacka Banja, Srbija ТУРИЗАМ У ФУНКЦИЈИ РАЗВОЈА РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ, Туризам у ери дигиталне трансформације – 31.мај – 2.јун 2018, одржана во Врњачка Бања.
- Член е на органзиациониот одбор на Првата меѓународна научна конференција, „Предизвици во туризмот и бизнис логистиакта во 21 век“ која се одржа 24-25 октомври 2017 година во Гевгелија.
- Член е во комисиите за реакредитација на втор и трет циклус на ФТБЛ од 3.2.2016.
- Член е на Комисијата за самоевалуација на ФТБЛ.
- Претседател на Комисијата за проверка на постојните учебници од македонски автори кои се користат на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“- Штип, од 22.2.2016, на 8.2.2018 г. Комисијата на 143. седница на Сенатот е укината.
- Претседател е на Комисијата за избор на Сенатори на УГД на 199. седница на ННС 21.03.2019г.
- Претседател на Комисијата за избор на ректор на УГД на 201. седница на ННС 22.5.2019г. при ФТБЛ.
- Член на Комисијата за избор на декан на ФТБЛ при УГД на 202. седница на ННС 5.6.2019г.
- Член на Комисијата за упис на студенти на прв циклус, 2019/2020, на 202.
    - седница на ННС одржана на 5.6.2019 г.,при ФТБЛ.
- Член е на Универзитетски сенат од 2011до 27.4.2015 год. прв мандат.
- Член на Универзитетски сенат втор мандат избран на 18.9.2015 год. до 27.4.2019 год.
- **Претседател** е на Комисија за одбрана на магистерски труд. На 17.2.2015 година извршена е одбрана на магистерски труд од кандидатката Ташка Гетова. Комисијата беше во состав: претседател доц. д-р Цане Котески, ментор-член вон.проф.Златко Јаковлев и член доц. д-р. Дејан Методијевски.
- Член е на претседателството на Друштвото за наука и уметност од Прилеп на 22.9.2016.
- Член е на програмски одбор на научно списание: Зборник на трудови од научно – стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија“, Штип, 28.5.2016.
- Член во Комисија за одбрана на магистерски труд. На 21.11.2016 година извршена е одбрана на магистерски труд од кандидатот Лилјана Здравковска. Комисијата беше во состав: претседател доц. д-р Марија Магдинчева, ментор – член вон.проф. Мичо Апостоплов и член вон.проф.д-р. Цане Котески.
- Член на Уредувачки колегиум на Петтата Меѓународна научна конференција „Географски науки и образование“, 4-5.ноември 2016, Шумен - Р. Бугарија, Шуменски универзитет катедра Географија и методика на обучението по географија, Универзитетско издателство „Епископ Константин Преславски.“
- Член на Комисија на 6.6.2017година во 11 и 30 часот извршена е јавна одбрана на магистерскиот труд. Комисијата беше во состав: претседател вон.проф.д-р Златко Јаковлев, ментор, вон.проф.д-р Билјана Петревска и член, вон.проф.д-р Цане Котески.
- Член на Научниот одбор на The Second International Scientific Conference „TOURISM IN FUNCTION OF DEVELOPMENT OF THE REPUBLIC OF SERBIA“ - Tourism product as a factor of competitiveness of the Serbian economy a experiences of other countries - June 1st - 3th 2017.
- Член на Програмскиот комитет на Првата меѓународна конференција „CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINESS LOGISTICS »ISCTBL 2017«
    - October 24-25, 2017, одржана во Гевгелија Република Македонија.
- Член е на Комисијата за донесување одлуки по молби и барања од студенти

- од 18.9.2015год., Комисијата за признавање на положени испити на студентите.

- Член на научниот одбор на Четвртата меѓународна конференција, TISC – Tourism International Scientific Conference Vrnjacka Banja – Srbija „ТУРИЗАМ У ФУНКЦИЈИ РАЗВОЈА РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ – Туризмот како генератор за вработување – 30.мај – 1 јун. 2019, одржана во Врњачка Бања.
- Член на Програмскиот одбор на втората меѓународна конференција „THE 2ND INTERNATIONAL SCIENTIFIC, CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINES LOGISTICS IN THE 21 ST CENTURY“, одржана 13 септември 2019, одржана во Штип - Република Северна Македонија.
- **Претседател,** член во Комисија за одбрана на магистерски труд. На 3.2.2020 година извршена е одбрана на магистерски труд од кандидатката Татјана Ѓеорѓиева. Комисијата беше во состав: претседател вон.проф. д-р Цане Котески, ментор – член проф.д-р Златко Јаковлев и член проф. д-р Никола В.Димитров.
- **Претседател** На 29.1.2020 Цане Котески е избран за претседател на Комисијата за избор на еден Сенатор од ФТБЛ. Комисијата беше во состав: Мимоза Серафимова член и Душко Јошески член.
- **Претседател** член во Комисија за одбрана на магистерски труд. На 25.2.2020година извршена е одбрана на магистерски труд од кандидатката Марија Трајкова. Комисијата беше во состав: претседател вон.проф.. д-р Цане Котески, ментор – член проф.д-р Златко Јаковлев и член проф.д-р Никола В.Димитров.
- Член е во Комисија за одбрана на магистерски труд. На 25.2.2020 година извршена е одбрана на магистерски труд од кандидатот Николчо Петров. Комисијата беше во состав: претседател проф.д-р Никола В. Димитров, член вон.проф. д-р Цане Котески, ментор – член проф. д-р Златко Јаковлев.

Во текот на наведениот изборен период кандидатот д-р Цане Котески е рецензент на повеќе книги, учебници, скрипти и практикуми.

***Преглед 2. Рецензент на книги, учебници, скрипти и практикуми***

1. Рецензент е на ракописот ГЕОГРАФИЈА НА НАСЕЛЕНИЕ (ДЕМОГЕОГРАФИЈА) СО ДЕМОГРАФИЈА (Е-УЧЕБНИК) од авторот проф.д-р Никола В. Димитров, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, рецензијата е објавена во *Универзитетскиот билтен* бр.204 од 1.2.2018 г.
2. Рецензент е на ракописот ОСНОВИ НА ТУРИЗАМ (Е-УЧЕБНИК) од авторот проф.д-р Златко Јаковлев, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип. Рецензијата е објавена во *Универзитетскиот билтен* бр.221 од 15. ноември.2018г.
3. Рецензент е на книгата „Од анови до хотели, од меани до ресторани“, од Научниот проект „Историско-географски туристички водич на Република Македонија“ (пред туристички период), (популарно издание), од вон.проф. д-р Никола В.Димитров и Трајан Вељанов, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ISBN 978-608-244-434-5, отпечатена во декември 26.2017г., УГД-Штип.
4. Рецензент на книгата ТУТУНСКИ АТЛАС од проф.д-р Љубен Попоски, Друштво за наука и уметност- Прилеп, ISBN 978-9989-767-71-5, декември, 2015год., отпечатена во февруари, 2016год. во печатница „Принт Плус“ – Прилеп.
5. Рецензент на книгата ТРУДОВИ од проф.д-р Љубен Попоски, Друштво за наука и уметност- Прилеп, ISBN 978-9989-767-72-6, отпечатена во септември 20. 2016 год. во печатница „Принт Плус“ – Прилеп.
6. Рецензија на ракописот Е-ПРАКТИКУМ ПО ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ од проф.д-р Никола В. Димитров и доц. д-р Тања Ангелкова Петкова, ФТБЛ, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип. Избран на 141-та седница, одржана на 7.10.2015 год.

Кандидатот д-р Цане Котески, во текот на изборниот период е добитник на повеќе призанија, сертификати, благодарници и уверенија

***Преглед 3. Признанија, сертификати, благодарници и уверенија:***

1. **Признание** за учество на деветнаесеттата Пелагониска културно - научна средба, одржана на 12.10.2019 година во Новаци.
2. **Сертификат** за учество на Четвртата меѓународна научна конференција со наслов TOURISM IN FUNCTION OF DEVELOPMENT OF THE REPUBLIC OF SERBIA, - Tourism as a Generator of Employment- одржана од 30.5-01.06.2019 година во Врњачка Бања во Р.Србија.
3. **Сертификат** за учество на втората меѓународна научна конференција со наслов THE 2$^{ND}$ INTERNATIONAL SCIENTIFIC, CHALLENGES OF TOURISM AND BUSINES LOGISTICS IN THE 21 ST CENTURY,- одржана на 13.9.2019 година во Штип, Република Северна Македонија.
4. **Признание** за учество на осумнаесеттата Пелагониска културно - научна средба, одржана на 13.10.2018 година во Новаци.
5. **Сертификат** за учество на меџународната научна конференција ГЕОГРАФСКИ НАУКИ И ОБРАЗОВАНИЕ од 23 – 24. 11. 2018, Шумен, Република Бугарија
6. **Признание** за учество на осумнаесеттата Пелагониска културно - научна средба, одржана на 13.10.2018 година во Новаци,
7. **Сертификат** за учество на првата меѓународна научна конференција со наслов „Предизвици на туризмот и бизнис логистиката во 21 век“, одржана на 24-25.10.2017 година во Гевгелија.
8. **Благодарница** за успешна реализација на првата меѓународна научна конференција ISCTBL, 2017, First international scientific conference „Challenges of tourism and business logistics in th 21st century", 24-25 Oct 2017, Gevgelija, Macedonia.
9. **Признание** за учество на седумнаесеттата Пелагониска културно - научна средба, одржана на 25.11.2017 година во Новаци.
10. **Сертификат** за учество на семинар за професорите и наставниците по географија во основните и средните училишта, во организација на Македонското географско друштво, 19.3.2016година, Скопје.
11. **Сертификат** за учество на научно-стручна конференција „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија“, 28.5.2016, Штип.
12. **Сертификат** за учество на еднодневен семинар за наставниците по географија во основните и средните училишта во Република Македонија одржан на 15.11.2016 на Институтот по географија, ПМФ во Скопје.
13. Сертификат за учество на петта меѓународната научна конференција ГЕОГРАФСКИ НАУКИ И ОБРАЗОВАНИЕ од 4 – 5. 11. 2016, Шумен-Република Бугарија .
14. Добитник е на **парична награда** во 2016 година е награден од Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип со паричен износ од 2000,00 денари за објавување на научен или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор.
15. **Сертификат** за учество на меѓународната научна конференција „Геобалканика 2015 од 5.7 јуни 2015, Скопје, Република Македонија.
16. **Сертификат** за учество на 5$^{-от}$ Конгрес на географите од Република Македонија од 26-27 септември 2015, Скопје, Република Македонија.

***Други квалификации***

Кандидатот д-р Цане Котески ги поседува способностите за тимска работа, располага со комуникациски вештини, вештини за разрешување на конфликти, менаџерски и организациски способности и слично. Владее со основни познавања на германски, англиски и руски јазик и, секако, со јазиците од поранешните југословенски републики. Од областа на компјутерските вештини владее со Microsoft Office (Word, Excel, Power Point, Publisher, AUTO CAD MAP, Internet, Corel Draw).

Од горенаведеното се забележува дека кандидатот д-р Цане Котески покажува богата активност во повеќе области и дисциплини на наставно – научната и наставно – образовната дејност, научноистражувачкадејност и стручно – уметнички активности и стручно – апликативна дејност и организациско - развојна дејност.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно претходно изнесеното, а во согласност со Законот за високото образование и врз основа на Правилникот за единствените критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички завања на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и по детално разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот вонреден професор д-р Цане Котески го има потребниот минимум од 100 поени кои се однесуваат за избор во редовен професор, т.е. има остварено вкупно 640.5 поени.

Врз основа на изнесеното, Рецензенската комисија е едногласна во оценката дека со целокупната своја досегашна работа и позитивната оценка од самоевалуацијата, д-р Цане Котески има голем придонес во наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност, стручно-апликативната дејност и организациско-развојна дејност.

Рецензентската комисија, земајќи ја предвид целокупната активност на кандидатот има посебно задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факлутетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатот вонреден **проф. д-р Цане Котески** да го избере во знањето **редовен професор** за наставно-научните области **Туристичка географија и географија** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Предлог – одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за кандидатот да биде избран во наставно научното- звање редовен професор за претходно назначените области на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Скопје, 12.4.2020** **РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**Проф. д-р Благоја Маркоски, редовен професор,**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Природно – математички факултет, Институт за географија - Скопје, претседател**

**Проф. д-р Никол В. Димитров, редовен професор,**

**Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија, член**

**Проф. д-р Златко Јаковлев, редовен професор,**

**Универзитет „ „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Гевгелија, член**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р.бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 3 | **Избор во звање вонреден професор** | **40** |
| | **ВКУПНО** | **40** |

| Р. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **Поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Монографија или научна книга<br>во земјата Реф.бр.59-61<br>во странство Реф.бр.52-58 | 3 | 10 | 7 | 15 | 30<br>105<br>**Вк. 135** |
| 3 | Научен труд објавен во меѓународно списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори<br>Прв автор Реф. бр.1<br>Втор автор Реф.бр.3<br>Останати автори Реф.бр. 2,4 | | | 4 | 15<br>10<br>5 | 15<br>10<br>5<br>**Вк. 30** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, астанати автори<br>Прв автор реф.бр.7,8,10,11,14,17,21,22,24<br>Втор автор Реф.бр.5,6,9,12,13,15,16,18,19,25,<br>Останати автори Реф.бр.20,23 | | | 9<br>10<br>2 | 9<br>6<br>3 | 81<br>60<br>6<br>**Вк.147** |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир | | | 1 | 6 | 6<br>**Вк.6** |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8<br>**Вк.8** |
| 12 | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4<br>**Вк.4** |
| 13 | Раководител на научен проект | 1 | 4 | | | 4<br>**Вк.4** |
| 14 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 3 | 2 | | | 6<br>**Вк.6** |
| 20 | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 2 | 1 | 4 | 2 | 2<br>8<br>**Вк.10** |
| 26 | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | 1 | 6 | | | 6<br>**Вк.6** |
| | **ВКУПНО** | 10 | 34 | 33 | 69 | **356** |

| Р. бр. | СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА | Поени |
|---|---|---|

| | ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјата | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | Поени | број | поени | |
| **1** | Книга/Учебник<br>Книга Реф.бр.62,63,64,65<br>Учебник Реф.бр.67,68,69,70,71,72 | <br>**4**<br>**6** | <br>10<br>10 | | | <br>40<br>60<br>**Вк.100** |
| **5** | Труд во стручно (научно – популарно) списание<br>Во земјата Реф.бр.26-33 | 8 | 2 | | | 16<br>**Вк.16** |
| **6** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир<br>Во земјата Реф.бр.34,35,36<br>Во странство Реф.бр.37-51 | 3<br>15 | 3<br>2 | | | 9<br>30<br>**Вк.39** |
| **7** | Пленарно предавање на стручен собир Во странство | | | 1 | 4 | 4<br>**Вк.4** |
| **8** | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно<br>Со постер во земјата<br>Со постер во странство | 1 | 0,5 | <br>1 | <br>1 | 0,5<br>1<br>**Вк.1,5** |
| **13** | Учесник во научен проект (максимум во три проекта)<br>Проекти Реф.бр.2,3,5 | 3 | 5 | | | 15<br>**Вк.15** |
| **19** | Стручни награди и признанија | 5 | 4 | | | 20<br>**Вк.20** |
| **27** | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | | | 5<br>**Вк.5** |
| **28** | Член на факултетски орган, комисија | 12 | 2 | | | 24<br>**Вк.24** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **239.5** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ (НО)+(НИ-ЦУ)+(ЦА-ОП):** | | | | | **640.5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО И ЕКОНОМСКА ТЕОРИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-71/5 од 4.3.2020 година донесена на 222-та седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 4.3.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *Економика на туризам и угостителство и Економска теорија* на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха“ од 18.2.2020 година и во предвидениот рок се пријави д-р Билјана Петревска, вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката д-р Билјана Петревска е родена на 10 септември 1973 година во Штип. Основно и средно образование завршува во Охрид со континуиран одличен успех. Од 1992-1996 година студира на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на насоката туризам каде дипломира со средна оценка 9,74 и се стекнува со звање дипломиран организатор по туризам и угостителство. Како резултат на одличните постигнувања за време на студирањето, доделени ѝ се повеќе награди и тоа: Пофалница за најдобар студент на генерацијата на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид (1996), Пофалница за најдобар студент на генерацијата при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола (1997) и Пофалница за најдобар студент на својата генерација по повод прославата за 20-годишнината од формирањето на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид (1998). Во учебната 1996/97 година се запишува на постдипломски студии на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола на насоката Меѓународен туризам. Во 2001 година магистрира со просечна оценка на студирањето од 9,33 и се стекнува со звање магистер на науки од областа на туризмот и угостителството. Во 2010 година, докторира на Економскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје и се стекнува со научен степен доктор на економски науки.

д-р Петревска има работно искуство во меѓународни организации (Советот на Европа и Програмата за развој на Обединетите Нации), каде била одговорна за реализација на многубројни програми, проекти и активности. Од 2010-2015 година била вработена како доцент по група предмети од економски науки на Факултетот за туризам и бизнис логистика (ФТБЛ) при Универзитетот „Гоце Делчев“ (УГД) во Штип (Одлука бр. 2602-104/4 од 29.11.2010 година). Од 2015 година до сега, д-р Петревска е вонреден професор од областа на Економика на туризам и угостителство на ФТБЛ при

УГД во Штип (Одлука бр. 2102-381/4 од 21.8.2015 година). Како доцент, покрај на редовните студии, била вклучена и во постдипломските студии на насоките Меѓународен туризам и Бизнис логистика, а како вонреден професор била ангажирана и на трет циклус студии на насоката Туризам.

За своето посебно залагање во спроведувањето на работните активности, кандидатката е двапати наградена од Сенатот на УГД - Штип за реализирани активности за користење на флексибилното работно време. Имено, за реализираните активности во 2013 година д-р Петревска е рангирана во првите 10 наставници на УГД – Штип (Одлука бр. 0701-562/27 од 22.4.2014), а за реализираните активности во 2012 година е рангирана во првите 20 наставници на УГД – Штип (Одлука бр. 0701-268/9 од 11.3.2013). Од 2015-2019 година, д-р Петревска е наградувана од Сенатот на УГД за објавени трудови со фактор на влијание.

Од приложената документација се гледа дека д-р Билјана Петревска одлично го владее англискиот јазик и има и солидни познавања од германскиот јазик.

***Општи услови за избор во звање редовен професор***

1. Просечен успех: додипломски студии 9,74 и на постдипломски студии 9,33.

2. Научен степен: доктор на економски науки. Докторската дисертација на тема „Економско планирање на развојот на туризмот во Македонија" е одбранета на 23.5.2010 година на Економскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.

3. Претходен избор во звање: со одлука бр. 2102-381/4 од 21.8.2015 година, д-р Билјана Петревска е избрана за вонреден професор на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научната област Економика на туризам и угостителство.

4. Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација во последните пет години:

| Бр | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Petrevska, B.** & Collins-Kreiner, N. | From a town to an attraction: the transformation of Ohrid, North Macedonia (2019) | *Boletín de la Asociación de Geógrafos Españoles*, 83, 2808, 1-30 *(WoS IF: 0.598)* | 36 |
| 2. | **Petrevska, B.**, Krakover, S. & Collins-Kreiner, N. | Preserving the Cultural Assets of Others: Jewish Heritage Sites in Macedonian Cities (2018) | *Tourism Geographies*, 20(3), 549-572 *(WoS IF: 2.068)* | 21 |
| 3. | Cingoski, V. & **Petrevska, B.** | Making hotels more energy efficient: the managerial perception (2018) | *Economic Research*, 31(1), 87-101 *(WoS IF: 1.137)* | 33 |
| 4. | **Petrevska, B.** | Predicting tourism demand by ARIMA models (2017) | *Economic Research*, 30(1), 939-950 *(WoS IF: 0.742)* | 33 |
| 5. | **Petrevska, B.** & Collins-Kreiner, N. | Double Life Cycle: Determining Tourism Development in Macedonia (2017) | *Journal of Tourism and Cultural Change*, 15(4), 319-338 *(WoS IF: 0.732)* | 18 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | **Petrevska, B.** | Effects of tourism seasonality at local level (2015) | *Scientific Annals of the "Alexandru Ioan Cuza" University of Iasy, Economic Sciences Series*, 62(2), 241-250 *(SCOPUS IF: 0.115)* | 66 |

5. Потврда за познавање јазик: д-р Билјана Петревска има доставено Диплома за завршен VIII степен англиски јазик и Уверение за завршен IV степен германски јазик.

6. Објавен рецензиран универзитетски учебник/монографија/практикум/збирка задачи од научната област за која се избира:

a. **Петревска, Б.** (2017). *Економика на угостителство и туризам*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, (ISBN 978-608-244-425-3), (рецензиран учебник по предметот Економика на туризам и угостителство).
b. **Петревска, Б.** (2019). *Практикум по основи на економија*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, (ISBN 978-608-244-654-7), (рецензиран е-практикум по предметот Основи на економија).
c. **Петревска, Б.** & Магдинчева Шопова, М. (2018). *Економика на претпријатие*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (ISBN 978-608-244-551-9), (рецензиран учебник по предметот Економика на претпријатие).

7. Способност за изведување на високообразовна дејност: Д-р Билјана Петревска е вработена на ФТБЛ при УГД од 2010 година, почнувајќи од доцент до вонреден професор. Била член на универзитетски и факултетски комисии.

***Посебни услови за избор во звање редовен професор***

1. Под менторство изработени дипломски/магистерски/докторски тези: Во изборниот период, д-р Петревска била ментор на многу дипломски трудови, ментор на 4 магистерски труда, а тековно е ментор на тројца докторанди.

2. Учествувала/раководела со научноистражувачки проекти: Во изборниот период д-р Петревска била координатор на научноистражувачки проект во рамките на меѓународната научна соработка МАНУ-САНУ, учесник во два проекта финансирани од Фондот за научноистражувачка работа на УГД и учесник во два проекта COST Action.

3. Придонес во оспособување помлади наставници и соработници: д-р Петревска досега соработувала со повеќе помлади наставници и соработници од ФТБЛ и била вклучена како рецензент за избор или издавачка дејност.

4. Има остварено минимум вкупно 100 поена (НО=40, НИ=45, САОР=15): Во изборниот период д-р Петревска има остварено за НО=40 поени, НИ=297 поени и САОР=165 поени, или вкупно= 502 поени.

***Наставно-образовна дејност***

Во периодот 2010-2015 година, кандидатката д-р Петревска е вработена како доцент по група предмети од економски науки на ФТБЛ при УГД-Штип (Одлука бр. 2602-89/7 од 6.9.2010), а од 2015 година досега е вонреден професор за наставно-научната област Економика на туризам и угостителство (Одлука бр. 2102-381/4 од 21.8.2015).

Од моментот кога е вработена на УГД-Штип, кандидатката учествувала во наставата на прв, втор и трет циклус студии на ФТБЛ при УГД-Штип. Така, за време на изборниот период д-р Петревска ги покрива следните предмети на прв циклус студии на студиските програми: Бизнис логистика, Бизнис администрација, Туризам,

Гастрономија и исхрана, и Хотелско-ресторантска насока, во наставните центри во Гевгелија, Штип и Скопје: Економика на туризам и угостителство, Промотивни активности, Основи на економија, Економика на претпријатие и Деловно планирање. На втор циклус студии, ги покрива следните предмети на студиските програми: Бизнис логистика и Меѓународен туризам: Економија на бизнис логистика, Комерцијално светско стопанство, Истражување на туристичкиот пазар и Планирање во туризмот. На трет циклус студии на студиската програма Туризам, го покрива предметот Туристичка промоција.

Во изборниот период кандидатката д-р Петревска за потребите на наставата на ФТБЛ при УГД- Штип има издадено повеќе учебници, практикуми и други рецензирани наслови кои се користат како учебно помагало.

Под менторство на д-р Петревска изработени се многу дипломски трудови, ментор е на четири успешно одбранети магистерски трудови, а тековно е ментор на тројца докторанди, со што придонесува во оспособувањето на млади истражувачки кадри. Нејзиниот научен интерес е од областа на економските аспекти на развојот на туризмот и економијата генерално, надополнет со промовирање на нови иновативни начини за унапредување на туризмот и угостителството.

***Научноистражувачка дејност***

Во изборниот период, кандидатката д-р Петревска е самостоен автор на најголемиот број научни трудови објавени во списанија со импакт фактор, меѓународни научни списанија, трудови објавени во зборници на трудови на научни собири, учесник/координатор во повеќе научноистражувачки проекти од национален и меѓународен карактер, панелист, и гостин-предавач по покана во странство.

Во време на изборниот период, кандидатката д-р Билјана Петревска ги има публикувано следните монографии, научни книги, учебници, и поглавја од книга во земјата и странство, кои имаат научноистражувачка, но и стручно-апликативна примена:

1. **Petrevska, B.** & Terzić, A. (2020). Sustainable rural livelihoods: Can tourism related activities contribute? In: Vasile, A. J., Subic, J. Grubor, A., & Privitera, D. (Eds.) *Handbook of Research on Agricultural Policy, Rural Development, and Entrepreneurship in Contemporary Economies*, (pp. 354-377), IGI Global: Hershey PA, USA (ISBN13: 9781522598398).

Во ракописот се презентирани резултати од научноистражувачкиот проект помеѓу МАНУ и САНУ, а се однесуваат на руралните средини кои имаат туристички потенцијали. Дадени се предлози за заживување и ревитализирање на ретко населените рурални простори преку примена на различни активности кои произлегуваат од рурален туризам.

2. **Петревска, Б.** (2019). *Практикум по основи на економија* (рецензиран е-практикум), Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (ISBN 978-608-244-654-7).

Ракописот е рецензиран Е-практикум наменет за студентите кои го изучуваат предметот Основи на економија на ФТБЛ при УГД - Штип. Основна цел е да служи како учебно помагало при совладување на најважните економски теми. Содржи осум глави при што секоја започнува со краток преглед на содржината која е разработена во таа глава со поставени цели на учење кои треба да ги постигнат студентите преку совладување на задачите. На крајот на секоја глава дадени се прашања за размислување и дискусија кои им овозможуваат на студентите да проверат дали целосно ја разбрале наставната материја.

3. **Petrevska, B.**, Krakover, S. & Collins-Kreiner, N. (2018). Preserving cultural assets of others: Jewish heritage sites in Macedonian cities, In: Shoval, N. (Ed.) *Tourism and Urban Planning in European Cities*, (pp.179-202), Routledge (ISBN 9780367138639).

Во ова поглавје презентирани се основните мотиви кои ги поттикнуваат креаторите на туристичката развојна политика да го зачуваат културното наследство на „другите“, анализирајќи го примерот на еврејското културно наследство кое постои во македонските градови.

4. **Петревска, Б.** & Магдинчева Шопова, М. (2018). *Економика на претпријатие*, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (ISBN 978-608-244-551-9).

Ракописот е рецензиран е-учебник првенствено наменет за студентите кои го изучуваат предметот Економика на претпријатие на ФТБЛ при УГД - Штип. Се состои од десет глави во кои се разработени многу прашања од обласста на економското работење на претпријатието.

5. **Петревска, Б.** (2018). Комуникативно-пропагандна дејност. Во: Димитров, Н. (уредник), *Прирачник за полагање стручен испит за туристички водич – Книга 1, Едиција „Тур Ретур“*, (стр. 143-177), Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (ISBN 978-608-244-486-4).

Ракописот преставува сублимиран материјал за прашања поврзани со промоцијата и промотивните активности како дел од промотивниот микс и нивната апликативна примена. Целта е да им помогне на кандидатите кои го подготвуваат испитот Комуникативно-пропагандна дејност на специјализираниот курс за стекнување сертификат за туристички водич.

6. **Петревска, Б.** (2018). Комуникативно-пропагандна дејност. Во: Димитров, Н. (уредник), *Прирачник за полагање стручен испит за туристички придружник - Книга 2, Едиција „Тур Ретур“*, (стр. 172-206), Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (ISBN 978-608-244-488-8).

Ракописот е збирен приказ на материјал поврзан со промотивните активности и нивната апликативна примена. Наменет е за кандидатите кои го подготвуваат испитот Комуникативно-пропагандна дејност на специјализираниот курс за стекнување сертификат за туристички придружник.

7. **Петревска, Б.** (2018). Комуникативно-пропагандна дејност. Во: (Димитров, Н. (уредник), *Прирачник за полагање стручен испит за раководење со туристичка агенција - Книга 3, Едиција „Тур Ретур“*, (стр. 143-177), Факултет за туризам и бизнис логистика – Гевгелија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип (ISBN 978-608-244-486-4).

Во овој ракопис разработени се примери за промотивните активности како дел од промотивниот микс и нивната апликативна примена. Предвиден е да им служи на кандидатите кои го подготвуваат испитот Комуникативно-пропагандна дејност на специјализираниот курс за стекнување сертификат за раководење со туристичка агенција.

8. **Петревска, Б.** (2017). Заштита на животната средина и енергетската ефикасност во хотелската индустрија. Во: Чингоски, В. & Петревска, Б. (уредници), *Енергетската ефикасност и еколошките унапредувања во хотелската индустрија*, (стр. 30-52), Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (ISBN 978-608-244-390-4).

Во ова поглавје од книгата разработен е концептот на енергетската ефикасност во хотелската индустрија во Македонија, преку конкретна анализа на случајот на хотелот

*Фламинго* од Гевгелија. Дадени се низа препораки за намалување на оперативните трошоци преку заштеда на енергија и примената на алтернативни извори на енергија, а со тоа и унапредување на хотелската индустрија во Македонија.

9. **Петревска, Б.** (2017). *Економика на угостителство и туризам*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (ISBN 978-608-244-425-3).

Ракописот е рецензиран е-учебник првенствено наменет за студентите кои го изучуваат предметот Економика на туризам и угостителство на ФТБЛ при УГД - Штип. Се состои од десет глави во кои се разработени основните поставки, потребата и значењето на економските аспекти на туризмот и угостителството.

10. **Петревска, Б.** & Петреска, Л. (2016). *Деловно планирање*, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (ISBN 978-608-244-316-4).

Ракописот е рецензиран е-учебник првенствено наменет за студентите кои го изучуваат предметот Деловно планирање на ФТБЛ при УГД - Штип. Се состои од десет глави во кои се разработени најважните теми за планирањето како менаџерска функција од која зависи успехот на деловните субјекти.

11. **Петревска, Б.** (2016). Придонесот на туризмот во регионалниот развој: анализа на Источниот регион во Македонија, Во: (Серафимова, М. и други (уредници), *Современи предизвици на претприемништвото и туризмот во Република Македонија*, (стр. 22-41), Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика (ISBN 978-608-244-300-3).

Ракописот е поглавје од книга во кое се појаснети влијанијата на туризмот врз регионалниот развој во Македонија, преку анализа на Источниот регион. Поконкретно, анализирани се основни економски параметри и туристички индикатори и дадени се препораки за поактивно вклучување на туризмот на настани (event tourism) во туристичката понуда.

12. **Petrevska, B.** (2016). Tourism contribution to regional development: the case of East region of Macedonia, In: Koteski, C., Jakovlev, Z. & Petrevska, B. (Eds), *Determining tourist events in the East region of Macedonia*, (pp. 41-65), LAMBERT Academic Publishing (ISBN 978-3-659-86291-5).

Во ова поглавје од книга прикажана е споредбена анализа на туристичкиот развој на статистичките региони во Македонија, со посебен осврт на Источниот регион. Заклучено е дека и покрај многубројните потенцијали, овој регион бележи скромни резултати и се соочува со низа предизвици за понатамошен туристички развој.

13. **Petrevska, B.** & Nestoroska, I. (2015). *Economics of Tourism: Recent Developments in Macedonia*, LAMBERT Academic Publishing (ISBN 978-3-659-40936-3).

Проблематиката на движењето на економските текови во туризмот во Македонија е централна тема на оваа книга структурирана во два дела. Во првиот дел е детално објаснет развојот на туризмот во Македонија, додека вториот дел е посветен на придонесот на туризмот во економскиот развој на Македонија. Книгата обилува со многубројни емпириски истражувања од кои произлегуваат интересни заклучни согледувања и препораки за планирање и развој на туризмот.

**Трудови објавени во списанија со импакт фактор**

14. **Petrevska, B.** & Collins-Kreiner, N. (2019). From a town to an attraction: the transformation of Ohrid, North Macedonia. *Boletín de la Asociación de Geógrafos Españoles*, 83, 2808, 1-30 <u>(WoS IF: 0.598).</u>

Трудот го разработува прашањето на урбана трансформација на Охрид како резултат на туризмот. Поконкретно, преку примена на TALC моделот анализиран е

туристичкиот развој и е заклучено дека Охрид се наоѓа во „развојна“ фаза со полна туристичка зрелост. Дадени се препораки за понатамошно унапредување на туризмот во Охрид.

15. **Petrevska, B.**, Krakover, S. & Collins-Kreiner, N. (2018). Preserving the Cultural Assets of Others: Jewish Heritage Sites in Macedonian Cities. *Tourism Geographies*, 20(3), 549-572 (WoS IF: 2.068).

Централно прашање на овој труд е еврејското културно наследство во Македонија и мотивите за негово зачувување, но и вклучување во туристичката понуда на Македонија. Дадени се низа препораки за креирање нов туристички производ темелен на културното наследство на Евреите, преку детална анализа на случаите во Скопје, Штип и Битола.

16. Cingoski, V. & **Petrevska, B.** (2018). Making hotels more energy efficient: the managerial perception. *Economic Research*, 31(1), 87-101 WoS IF: 1.137).

Трудот разработува три основни прашања: (1) Проценка на примената на концептот на енергетска ефикасност во хотелската индустрија во Македонија; (2) Истражување на основните детерминанти на потрошувачката на енергија; (3) Препораки за поттикнување на развојот на еко-хотели во Македонија.

17. **Petrevska, B.** & Cingoski, V. (2018). Environmental Management: Assessment of Macedonian Hotel Industry. Quality – Access to Success, 19(162), 122-125 (SCOPUS IF: 0.23).

Овој труд ја истражува колку и како менаџерите во хотелите во Македонија се заложуваат за примена на политика за енергетска ефикасност и заштита на животната средина. Се заклучува дека кај хотелиерите не постои интерес за примена на такви политики, барајќи оправдување во високите оперативни трошоци и ограничените буџети за примена на обновливи извори на енергија во хотелите.

18. **Petrevska, B.** (2017). Predicting tourism demand by ARIMA models. *Economic Research*, 30(1), 939-950 (WoS IF: 0.742).

Во трудот е направено краткорочно предвидување на странската туристичка побарувачка во Македонија со примена на методологијата Box-Jenkins. Притоа, за предвидуваниот период 2014-2018 година, прогнозиран е раст од 14%. Воедно, дадени се препораки за подготвување соодветен туристички развоен план на Македонија и идни стратегиски правци.

19. **Petrevska, B.** & Collins-Kreiner, N. (2017). Double Life Cycle: Determining Tourism Development in Macedonia. *Journal of Tourism and Cultural Change*, 15(4), 319-338. (WoS IF: 0.732)

Во трудот се истражени симптомите на туристичкиот развој на Македонија со примена на TALC моделот. Генерално, анализирани се политичкиот контекст и улогата на државата во креирањето туристичка политика во секоја од фазите на животниот циклус од туристичкиот развој на Македонија. Заклучено е дека Македонија се наоѓа во „развојна“ фаза поради недоволно развиената туристичка понуда и отсуство на добра развојна туристичка политика.

20. **Petrevska, B.** & Cingoski, V. (2017). Branding the Green Tourism in Macedonia. *Sociology and Space,* 55, 1(207), 101-116 (SCOPUS IF: 0.394).

Трудот го актуелизира прашањето: Дали во Македонија може да се брендира „зелен“ туризам? Притоа е истражено дали и колку македонските хотели се зелени како предуслов за зголемување на конкурентноста на туристичката дестинација, а со тоа креирање национален зелен туристички бренд.

21. **Petrevska, B.** (2015). Effects of tourism seasonality at local level, *Scientific Annals of the "Alexandru Ioan Cuza" University of Iasy, Economic Sciences Series*, 62(2), 241-250 (SCOPUS IF: 0.115).

Преку примена на едноставни статистички тестови, во трудот е пресметана сезоналност на туристичката побарувачка преку анализа на случајот на Охрид. Поконкретно, пресметана е концентрацијата и јачината на сезоналност во периодот 2000-2013 година и е заклучено дека таа е силна и изразена. Дополнително, во трудот се посочени низа мерки и активности за нејзино надминување, а со цел балансиран туристички развој во текот на цела календарска година.

**Трудови објавени во меѓународни научни списанија**

22. Terzić, A., **Petrevska, B.**, & Petrović, M. (2019). Evaluation methods for sustainable rural tourism development: Issues to be addressed. *Agrieconomica,* 48(84), 55-64.

Во трудот даден е осврт на различни модели и методи за евалуација на туристички потенцијали на дестинацијата со посебен осврт на повеќекритериумските модели (multi-criteria models). Истовремено, моделите се однесуваат на туристичкиот развој на руралните дестинации.

23. Dimitrov, N. & **Petrevska, B.** (2019). Challenges for rural tourism development in North Macedonia. *Journal of Applied Economics and Business*, 7(4), 42-50.

Преку избрани мали, ретко населени и економски депресирани рурални средини во Македонија, трудот го илустрира амбиентот за развој на рурален туризам во Македонија. Се заклучува дека избраните села имаат туристички потенцијали и појдовна основа за примена на туризам и дека истите треба да бидат дефинирани како стратегиски приоритети во локалните и регионалните развојни документи.

24. **Petrevska, B.** (2019). Tourists' perception: the case of Ohrid, Macedonia. *Acta Geobalcanica*, 5(2), 75-84.

Во овој труд се истражени факторите кои влијаат врз туристите при креирањето перцепција за Охрид како туристичка дестинација. Заклучено е дека туристите го перцепираат Охрид како дестинација која обилува со културно наследство, дека е безбеден за туристички престој и дека рекреативниот тип туристи доминира. Трудот нуди многу интересни заклучоци за креаторите на туристичката политика во Охрид, нудејќи низа препораки за подобрување на туризмот.

25. **Petrevska, B.** & Cingoski, V. (2018). Can we make a green tourism brand? The evidence of Macedonia. *South East European Journal of Sustainable Development*, 1, 7-15.

Трудот го елаборира прашањето за креирање „зелен" туристички бренд во Македонија, посочувајќи ги многубројните проблеми кои постојат во тој процес. Се заклучува дека особено е важно да се создаде позитивен национален имиџ како предуслов за успешна туристичка промоција на земјата, а со тоа поттикнување на туристичкиот развој.

26. **Petrevska, B.** & Nikolovski, B. (2018). Level of seasonality in Macedonian tourism and strategies and policies for coping with it. 3rd International Thematic Monograph: "Modern Management Tools and Economy of Tourism Sector in Present Era", Association of Economists and Managers of the Balkans (Belgrade, Serbia) & Faculty of Tourism and Hospitality – Ohrid, Macedonia, 17-29.

Во овој труд пресметана е сезоналност на туризмот за периодот 2000-2016 година, преку споредбена анализа на локално ниво (Скопје и Охрид) и национално ниво (Македонија). Заклучено е дека во Македонија нема значајна концентрација на сезоналност во туризмот, во Охрид има исклучително силна сезоналност во туристичката побарувачка, а во Скопје нема туристичка сезоналност. Последователно,

трудот препорачува креирање специфични туристички производи согласно туристичката дестинација и креирање соодветни туристички развојни планови и програми.

27. **Petrevska, B.** (2017). Motives for boosting cultural tourism in Štip: Ottoman heritage. *Journal of Applied Economics and Business*, 5(2), 12-16.

Трудот ги истражува основните мотиви за реанимирање на културното наследство кое датира од отоманскиот период како можност за негово вклучување во туризмот, преку анализа на случајот на Штип. Преку интервјуирање на избран број стручни лица кои имаат допирна точка со отоманското културно наследство, идентификувани се два основни мотива. Трудот обилува со заклучоци и препораки за унапредување на посточката туристичка понуда на Штип, но и за подобра туристичка валоризација на идентификуваните локации.

28. **Petrevska, B**. & Serafimova, M. (2016). Assessing access to finance for tourism development: entrepreneurial approach. *International Journal of Information, Business and Management*, 8(1), 35-45. (EBSCO)

Како мала отворена економија, Македонија се соочува со многу предизвици поврзани со нејзината конкурентност, посебно откако е позната како земја со поволна бизнис клима. Трудот го оценува пристапот до финансии како еден од најголемите причинители за слаб туристички развој.

29. **Petrevska, B.**, Cingoski, V. & Serafimova, M. (2016). Sustainable tourism and hotel management in Macedonia through the use of renewable energy sources, *UTMS Journal of Economics*, 7(1), 123-132. (EBSCO)

Во овој труд предмет на истражување е видот на енергија која се користи во хотелите во Македонија. Податоците се собрани преку електронска анкета на менаџери и раководни лица во хотелите со 3, 4 и 5 ѕвезди. Се заклучува дека хотелите користат само традиционални извори на енергија и покрај тоа што се целосно свесни за позитивностите од обновливите извори на енергија и со тоа не придонесуваат за одржлив развој на туризмот.

30. **Petrevska, B.** & Cingoski, V. (2016). Can Macedonian hotels be green: the evidence of hotel "Flamingo" – Gevgelija. *Mechanical Engineering Scientific Journal, 34(1)*, 311-321.

Трудот го елаборира случајот на хотелот *Фламинго* од Гевгелија како хотел кој по многу еколошки и енергетски индикатори е „зелен хотел" и дава препораки за поттикнување на развојот на еко-хотели во Македонија.

31. **Petrevska, B.** & Cingoski, V. (2016). Energy efficiency practices: Assessment of Ohrid hotel industry. *Horizons*, 20(A), 511-520.

Во трудот се презентирани резултати од проценка на примена на концептот на заштита на животната средина во хотелите од Охрид. Констатирано е дека генерално не постои заинтересираност на менаџерите за унапредување на работењето на охридските хотели бидејќи фокусот е ставен единствено само на зголемување на бројот на какви било гости, занемарувајжи ги еко-туристите.

32. **Petrevska, B.** (2015). Assessing tourism development: the case of Krusevo, Macedonia, *Economic Development*, 17(1/2), 261-275. (EBSCO)

Во трудот е направена проценка на постоечките туристички вредности на Крушево, но и идентификувани се потенцијали за негов иден туристички развој. Презентирана е секторска визија за промена, но и нужност од промена во туристичкиот производ и визијата за развој. Податоците се обезбедени преку интервјуирање на 4 целни групи, со што се покриени туристичката понуда и побарувачка. Генерален заклучок е дека Крушево се соочува со многу ограничувачки фактори за туристичкиот развој.

33. **Petrevska, B.** (2015). Tourism development of Prespa: a micro region assessment, *Journal of Applied Economics and Business*, 3(4), 13-26.

Микрорегионот на Преспа, како дел од Пелагонискиот плански регион во Македонија, е анализиран од аспект на туристичкиот развој. Посебен акцент е ставен на делот за промени во визијата за понатамошен развој на овој микрорегион и нужно воведување системски промени за подобрување на туристичките услуги и подигање на конкурентноста на туристичкиот сектор.

34. **Petrevska, B.** & Ackovska, M. (2015). Tourism development in Macedonia: evaluation of the Wine route region, *Ekonomika - Journal of Economic Theory and Practice and Social Issues*, 3/2015, 73-83. (EBSCO)

Во овој труд анализиран е постоечкиот туристички развој на винската рута во Македонија. Со примена на методологијата M4P (Making Markets Work for the Poor) понудена е сеопфатна секторска карта. Воедно, анкетирани се вработени во винарии лоцирани во Демир Капија, Градско, Неготино и Велес со цел да се осознаат нивните ставови за важноста на винската рута во туристичкиот развој на регионот. Заклучено е дека винската рута бележи многу скромни резултати поради големиот број детектирани проблеми и предизвици.

35. Cingoski, V., **Petrevska, B.** & Trajkov, N. (2015). Assessment of energy efficiency practices in the hotel industry. *Technics Technologies Education Management*, 10(4), 509-516.

Во трудот е заклучено дека хотелите во Македонија дури од неодамна посветуваат внимание на концептот и политиката за енергетска ефикасност. Основни причини се наведуваат ниското ниво на свесност на менаџментот и ограниченоста со финансии. Се препорачува да се примени проактивен пристап со цел да се овозможи туристички развој.

Трудовите објавени во списанија со импакт фактор и во меѓународни научни списанија, а се постари од 5 години, се презентирани и научно евалуирани во рефератот за избор на кандидатката во наставник во звањето доцент (*Универзитетски билтен* бр. 44 од 16.8.2010 година) и рефератот за наставник во звањето вонреден професор (*Универзитетски билтен* бр. 149 од 15.6.2015 година).

Во изборниот период, д-р Петревска има одржано повеќе предавања по покана на научни институции во странство и тоа:

36. Гостин-предавач на тема „Tourism Policy and Development: the case of Macedonia" на Hotel School, Southern Cross University, Сиднеј/Мелбурн, Австралија, декември 2017.
37. Гостин-предавач на тема „Energy efficiency in hotel industry" на Универзитетот во Љубљана, Словенија (Домаќин: проф. д-р Ирена Нанчоска Шербец), октомври 2016.
38. Гостин-предавач на тема „Renewable energy for sustainable tourism" на Универзитетот Башкент во Анкара, Турција (домаќин: проф. д-р Назмие Едоган, Tourism and Hotel Management program, Vocational School of Social Sciences), декември 2015.
39. Гостин-предавач на тема „Tourism policy and planning in Macedonia" на Haifa and Galilee Research Institute, Универзитет Хаифа, Израел (Домаќин: проф д-р Нога Колинс Креинер, Department of Geography & Environmental Studies), октомври, 2015.

Во својата научноистражувачка активност, д-р Петревска е учесник во следните научни проекти:

40. Координатор во научноистражувачки проект во рамките на меѓународната научна соработка МАНУ-САНУ „Процена на предусловите за туристичките активности во руралните напуштени простори – компаративна студија меѓу Македонија и Србија“ (2018-2020).
41. Проект „Детерминирање на туристичките настани во Источниот регион на Република Македонија“ проект на ФТБЛ финансиран од ФНИП на УГД, Одлука бр. 0201-165/6 од 29.1.2015 (Универзитетски сенат) и Одлука бр. 0801-139/31 од 27.01.2015 (ФНИП) и Одлука бр. 0206-151/43 од 22.2.2017 (ФНИП) (2015-2018).
42. Проект „Можности и методи за замена и заштеда на енергија и зголемување на енергетската ефикасност во хотелската индустрија“(заеднички проект на ЕТФ и ФТБЛ финансиран од ФНИП на УГД, Одлука бр. 0201-165/6 од 29.1.2015 и Одлука бр. 0201-545/9 од 29.5.2017 (Универзитетски сенат) и Одлука бр. 0801-139/26 од 27.01.2015 и Одлука бр. 0206-151/43 од 22.2.2017 (ФНИП)). (2015-2018);

Во изборниот период, кандидатката д-р Петревска има остварено 2 студиски престоја во странство:

43. ERASMUS+ (Мобилност за наставници) на West Pomeranian University of Technology, Шчечин, Полска (Домаќин: проф. д-р Јоана Херник, Економски факултет), 28.5-4.6.2018.
44. Студиски престој во рамки на проектот COST Action IS1204 – Tourism, Wellbeing and Ecosystem Services (TObeWELL) на The Haifa and Galilee Research Institute, University of Haifa, Israel, октомври 2015 (Одлука бр. 2102-428/8 од 18.9.2015).

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај објавени трудови кои го потврдуваат афинитетот и стручноста за научноистражувачка дејност, д-р Петревска објавува и трудови во зборници на трудови на научни собири во земјата и странство:

45. Dimitrov, N., **Petrevska, B.** & Terzić, A. (2019). Recommendations for tourism development of rural areas in North Macedonia, International Symposium „New tourism trends”, Macedonian Geographical Society, Ohrid, North Macedonia, 3-4.10.2019, 307-316.

Трудот дава генерален приказ на руралниот туризам во руралните средини во Македонија согласно три параметра: (1) Целите на Стратегијата за рурален туризам во Македонија 2012-2017 година, (2) Теренско истражување и (3) Генерални критериуми за стандардизација од EUROGEST.

46. Dimitrov, N., **Petrevska, B.** & Terzić, A. (2019). Rural tourism in the space of NP „Pelister” case study: „Eight Pelister villages”, Conference proceedings from the second international scientific conference ISCTBL 2019, Stip, North Macedonia, 13.9.2019, 267-277.

Овој труд ги истражува факторите за развој на неколку специфични видови туризам во 8 села во Битолско, познати како „8 пелистерски села“ (Цапари, Дихово, Кажани, Нижополе, Магарево, Маловишта, Ротино и Трново). Преку анализа на различни параметри заклучено е дека во овие села постојат предуслови за спроведување различни туристички активности.

47. **Petrevska, B.**, Dimitrov. N. & Terzić, A. (2019). Rural areas in Macedonia as tourism supply: Problem or a challenge?. Conference proceedings „Geobalcanica 2019”, 15-16.6.2019, Sofia, Bulgaria, 513-518.

Дадена е квалитативна анализа за да се опише амбиентот на развој на туризмот во руралните средини во Македонија. Заклучено е дека постојат сериозни индиции за проширување на постојната туристичка понуда со нови, мали и досега туристички невалоризирани села, но притоа да се преземат низа мерки за надминување на проблемите со кои се среќаваат.

48. **Petrevska, B.** & Popovski, R. (2019). Schumann resonance: new aspects for tourism development. Conference proceedings from the 4th International Scientific Conference „Tourism in the function of development", Vrnjacka Banja, Serbia, 31.5-1.6.2019, 705-722.

Во трудот се презентирани нови аспекти за развој на иновативен туристички производ. Посочен е примерот за постоење на Шуманова резонанца како екстремно ниска природна фреквенција која позитивно може да влијае на здравјето на посетителите на Бања Ќежовица – Штип. Дадени се низа препораки за користење на оваа фреквенција во туристички цели.

49. Terzić, A., Dimitrov, N. & **Petrevska, B.** (2019). Turistička valorizacija tradicionalnih ruralnih celina: rizici i mogućnosti u Srbiji i Makedoniji. Zbornik radova, X naučno-stručna konferencija s međunarodnim učešćem „Kulturno nasleđe-rizici i perspektive", 27. maj 2019, Beograd, Srbija, 199-209.

Овој труд нуди туристичка валоризација на неколку репрезентативни рурални комплекси во Македонија и Србија со цел да се идентификуваат заедничките ризици и потенцијали за развој на рурален туризам. Дадена е споредбена анализа.

50. **Petrevska, B.** & Dimitrov, N. (2018). Hiking trails in Macedonia: Assessing potentials for tourism development, Conference proceedings from the International conference Geobalcanica, Ohrid, Macedonia, 15-16 May, 2018, 353-360.

Во трудот е направена анализа на постојните пешачки патеки во Македонија со цел да се разгледа можноста за развивање нов туристички производ. Заклучено е дека постои потреба од проширување на постоечката мрежа на национални патеки со оглед дека има многу нови трасирани патеки. Дополнително е анализирана сместувачката понуда на планинарските домови констатирајќи дека само седум од 40-тина можат да се користат во туристички цели.

51. **Petrevska, B.**, Serafimova, M. & Cingoski, V. (2018). Managing sustainable tourism and hotel industry: energy resources strategic approach, Proceedings from the 26th International Conference Ecological Truth & Environmental Research, Bor, Serbia, 12-15 June, 2018, 401-407.

Трудот предлага креирање специфични стратегии за унапредување на работењето на хотелите во Македонија во контекст на примена и дизајнирање на практики за заштита на животната средина. Дадени се препораки како хотелите во Македонија треба да го надминат јазот помеѓу секојдневното работење и свеста за користа од примена на обновливи извори на енергија, а со тоа подобрување на туристичката понуда.

52. Dimitrov, N., **Petrevska, B.** & Serafimova, M. (2018). Ecotourism certification programs: Managing finances, Proceedings from the 26th International Conference Ecological Truth & Environmental Research, Bor, Serbia, 12-15 June, 2018, 436-441.

Во трудот е даден осврт на прашањето за финансирање на процесот на сертифицирање екотуристички програми. Поконкретно, дефинирани се генералните и специфичните цели кои најчесто се присутни во програмите за сертифицирање. Се заклучува дека малите еко-туристички деловни субјекти имаат недостаток од финансии, заедно со соодветни информации за финансирање, технички капацитет и способност за аплицирање за финансирање.

53. **Petrevska, B.** (2018). Tourist images and perceptions: comparative study of two Jerusalems, Book of Abstracts, XIV International Scientific Conference on Service Sector INSCOSES 2018, Ohrid, Macedonia, 14-15 September, 2018, p. 46.

Во трудот е прикажана споредба на перцепцијата на туристите за Охрид (Македонија) познат како Балкански Ерусалим и Ерусалим (Израел) познат како вечниот град во светата земја. Согласно научната класификација на туристите, заклучени се неколку сличности меѓу двете дестинации во перцепциите на туристите. Дадени се многу препораки за унапредување на туристичкиот развој на Охрид и Македонија.

54. **Petrevska, B.** & Cingoski, V. (2017). Can we make a green tourism brand? The evidence of Macedonia, Book of abstracts from the 1st International conference towards sustainable development “Sustainable development in the Western Balkans: approaches, short-comings and challenges”, Skopje, Macedonia, 27-28 October, 2017, p. 25.

Начната е темата дали постои можност Македонија да биде брендирана како зелена туристичка дестинација и колку постојат предуслови да се промовира како таква. Заклучено е дека во Македонија постои отсуство на еко-хотели кои често се основни двигатели во развивањето еко туристичка дестинација и дека треба да се работи во таа насока.

55. Nestoroska, I., **Petrevska, B.** & Namicev, P. (2017). Ottoman heritage tourism flows in Macedonia, Book of Abstracts from the First International Conference „Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st century”, 24-25 October 2017, Gevgelija, Macedonia, 89-99.

Со помош на SGDM моделот детектирани се постојни, но и потенцијални туристички рути во Македонија кои се темелат на културното наследство од отоманскиот период кое постои во Македонија. Понудени се карти на можни идни правци на движење на туристите и посетителите со што би се збогатила туристичката понуда во Македонија.

56. **Petrevska, B.**, Krakover, S. & Collins-Kreiner, N. (2017). Investigating motives for preservation of Jewish heritage sites: the case of Macedonia, Conference proceedings from „Geobalcanica 2017”, Skopje, Macedonia, 20-21 May, 2017, 281-288.

Истражени се основните мотиви за зачувување на еврејското културно наследство во Македонија и дадени се предлози за креирање нов туристички производ во Скопје, Штип и Битола со цел унапредување на туристичкиот развој во Македонија.

57. **Petrevska, B.** & Namicev, P. (2017). Reanimating Ottoman heritage sites: assessment of Stip, Conference proceedings from „Geobalcanica 2017”, Skopje, Macedonia, 20-21 May, 2017, 169-176.

Во трудот е разработена идејата за развивање туристички производ темелен на отоманското културно наследство лоцирано во Штип (Македонија). Направена е туристичка валоризација на селектирани локации и е заклучено дека треба да се реанимираат за да можат да се претстават како дел од културна туристичка рута на Штип.

58. **Petrevska, B.**, Cingoski, V. & Gelev, S. (2016). From smart rooms to smart hotels, Conference Proceedings from the XXI International Scientific Conference „Information Technology - Present and Future”, Zabljak, 29.2-5.3.2016, 201-204.

Трудот презентира начин за трансформирање на хотелите со „паметни соби“ во целосно „паметни хотели“. Со конкретни примери се дадени препораки за унапредување на работењето на хотелската индустрија.

59. **Petrevska, B.** (2016). Assessing Tourism Potentials of the Wine Route Region in Macedonia, Conference proceedings from „Geobalcanica 2016”, Skopje, Macedonia, 10-12 June, 2016, 239-246.

Направена е евалуација на туристичките потенцијали на винската рута во Македонија, истовремено нудејќи низа препораки за надминување на идентификуваните слаби страни на понудата преку проактивно вклучување на винариите во туристичката понуда на Македонија.

**49.** Koleva, Blagica and **Gorgieva-Trajkovska, Olivera** (2018) *Улогата на сметководствениот информационен систем во работењето на претпријатието. Годишен зборник*, Економски факултет, 15. ISSN 1857-7628 (http://eprints.ugd.edu.mk/20961/)

**50.** **Gorgieva-Trajkovska**, Olivera and Koleva, Blagica (2018) *Гудвил-видови, пристапи и методи за вреднување.* *Годишен зборник*, Економски факултет. ISSN 1857-7628 (http://eprints.ugd.edu.mk/21366/)

**51.** **Gorgieva-Trajkovska, Olivera** and Georgieva, Jagoda (2016) *Консолидација на финансиски извештаи-дефинирање, постапки, потреби и ограничувања. Годишен зборник* 2016, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISSN 1857-76-28 (http://eprints.ugd.edu.mk/16099/)

**52.** **Gorgieva-Trajkovska, Olivera** and Kraleva Klampfer, Marina (2016) *Извештај за парични текови. Годишен зборник* 2016, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISSN 1857-76-28 (http://eprints.ugd.edu.mk/16100/)

**53.** **GorgievaTrajkovska,Olivera** and Angelkovska,Gordana (2016) *Сметководствен третман на користите за вработените со осврт на МСС 19 и неговата примена во Република Македонија. Годишен зборник* 2016, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISSN 1857-76-28 (http://eprints.ugd.edu.mk/16102/)

**54.** **Gorgieva-Trajkovska, Olivera** and Miladinoski, Orce (2016) *Вреднување на залихите со осврт на МСС 2. Годишен зборник* 2016, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISSN 1857-76-28 (http://eprints.ugd.edu.mk/16101/)

**55.** **Gorgieva-Trajkovska, Olivera** and Nakova, Hristina (2016) *БАЗЕЛ 3 капитални барања-причини, нови барања и очекувани проблеми и предизвици при имплементацијата во економиите во развој и малите економии. Годишен* зборник 2016, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. ISSN 1857-76-28 (http://eprints.ugd.edu.mk/16098/)

**56.** **Gorgieva-Trajkovska,Olivera** and IvanovskaRunteva, Ivana (2015) *Финансиската рацио анализа – основа за донесување на одлуки за инвестирање. Годишен зборник* 2015, Економски факултет, 7 (8). ISSN 1857-76-28 (http://eprints.ugd.edu.mk/14395/)

**57.** **Gorgieva-Trajkovska, Olivera** and Georgieva Svrtinov, Vesna (2015) *Влијание на нематеријалните средства врз пазарната вредност на компаниите. Годишен зборник* 2015, Економски факултет, УГД-Штип. ISSN 1857- 7628 (http://eprints.ugd.edu.mk/14396/)

**58.** Koleva,Blagica and **Gorgieva-Trajkovska,Olivera** (2015) *Значењето на стратешкото менаџерско сметководство како позитивен индикатор во современото бизнис*

*опкружување. Годишен зборник* 2015, Економски факултет, 7 (8). pp. 111-121. ISSN 1857-76-28 (http://eprints.ugd.edu.mk/14397/)

**59.** Koleva, Blagica and **Gorgieva-Trajkovska, Olivera** (2015) *Спроведување на кодекс на етика на интерните ревизори во ревизорската професија.* Yearbook, Faculty of Economics, Goce Delcev University - Stip. pp. 49-57. ISSN 1857- 7628 (http://eprints.ugd.edu.mk/13385/)

- ***Учесник во реализација на стручно апликативни проекти***

**60.** „Креирање на регионални центри за претприемништво во Источна Македонија", обука за обучувачи по ЦЕФЕ методологија, 2020г.

***61.*** *"*Shared Entrepreneurship Environment for Creative Youth*",* 2018 (http://eprints.ugd.edu.mk/20654/)

**62.** **"**Make your home productionand hobby profitable", 2017 (http://eprints.ugd.edu.mk/21463/)

**63.** **"**Training of Internal Auditors in the Public Sector (TIAPS 2) program in Macedonia",2015 (http://eprints.ugd.edu.mk/14935/)

- ***Техничко унапредување***

**64.** Лиценца за вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење, издадена (обновена) на 26.2.2018 год. од страна на Министерството за правда на РМ. Врз основа на оваа лиценца, д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска има учествувано, како носител или член, во изработка и решавање на голем број вештачења и супер вештачења за потребите на Бирото за судски вештачења-Скопје.

**65.** Уверение за положен испит за проценувач од областа на трговско друштво, јавно претпријатие и други правни лица издадено на 5.11.2012 г. од страна на Министерството за економија на РМ.

**66.** Уверение за овластен сметководител издадено од Институтот за сметководители и овластени сметководители на Република Македонија на 10.11.2017 год.

- ***Учество во изработка на елаборати, експертизи и членство во универзитетски и факултетски комисии и тела и одбори***

**67.** Учество во изработка на елаборати за прв и втор циклус на студии за насоката Сметководство и ревизија.

**68.** Изготвување на вештачења (наод и мислење) од областа на материјално, сметководствено и финансиско работење.

**69.** Член на Комисија за признавање на испити и на Дисциплинска комисија на Економски факултет, УГД Штип.

**70.** Член на Ректорска управа на УГД Штип.

**71.** Претседател на Надзорен одбор на Уни сервис ДООЕЛ Штип, при УГД Штип.

**72.** Член на Комисија за финансии, инвестиции и развој на УГД Штип.

**73.** Член на Комисија за промоција на Економски факултет.

**74.** Член на Комисија за организирање на студентски натпревар на Економски факултет.

**75.** Член на Уредувачки одбор на Journal of Economics, Економски факултет, УГД Штип.

**76.** Уредник на *Годишен зборник* на Економски факултет, УГД Штип.

**Кратка евалуација на дел од трудовите**

**1. Transfer pricing – definition and methods**

Целта на овој труд е да се истражи важноста на трансферните цени и на методите за нивно утврдување. Повеќето земји ги дефинираат правилата за одредување на трансферните цени во даночната регулатива. Генерално, со овие правила се обезбедува дека условите на контролираните трансакции нема да се разликуваат од оние што би настанале во услови на неконтролирани трансакции (помеѓу независни претпријатија). Ова се нарекува принцип на издолжена рака (arm's length principle). Постојат неколку методи што мултинационалните компании и даночните администрации можат да ги користат за утврдување на трансферните цени за трансакциите помеѓу придружните ентитети. Организацијата за економска соработка и развој (ОЕЦД) дефинира пет главни методи за утврдување на трансферните цени, кои се предмет на обработка во овој труд, со практични примери кои можат да им помогнат на компаниите да одлучат кој е најсоодветен за нивните потреби: 1. метод на споредлива неконтролирана цена, 2. метод на цена на препродажба, 3. метод на трошоци плус, 4. метод на трансакциска нето-маргина и 5. метод на трансакциска поделба на добивката.

**2.Theapplication of the sample method in the audit process by the audit companies in the Republic of North Macedonia.**

Процесот на ревизија е активност која се спроведува од овластени ревизори вработени во ревизорски компании со цел изготвување на ревизорски извештај и мислење за вистинитоста и точноста на информациите презентирани во финансиските извештаи врз основа на кои заинтересираните страни донесуваат деловни одлуки. Ревизијата го зголемува кредибилитетот на финансиските извештаи притоа применувајќи голем број ревизорски процедури и тестови со цел да се обезбедат доволно и соодветни докази за ревизија, што е основа за ревизорското мислење. Како алатка за спроведување брза, ефикасна, ефективна и економична ревизија, се применува методот на примерок. Изборот на репрезентативен примерок на ставки, што ќе ја претставуваат целината на ставките што се предмет на ревизија, бара знаење и вештини на ревизорот кој ја спроведува ревизијата. Прашањата за тоа колку, кога и зошто ревизорите го применуваат методот на примерок во

ревизијата се предмет на емпириско истражување спроведено од ревизорските фирми во Република Македонија, а резултатите од истражувањето и заклучоците се презентирани во овој труд.

**3. Financial reporting in hyperinflationary economies**

Хиперинфлацијата е состојба на исклучително брза или инфлација надвор од контрола. Хиперинфлацијата се јавува кога зголемувањето на цените е толку големо што концептот на инфлација е безначаен. Кога е поврзана со депресиите, хиперинфлацијата често се јавува додека има значително зголемување на понудата на пари која не е поддржана со раст на бруто домашниот производ (БДП), што резултира во нерамнотежа на понудата и побарувачката на пари. Ова предизвикува зголемување на цените бидејќи валутата ја губи својата вредност. Сметководството, т.е. финансиското известување, кое се однесува на странското работење, фундаментално се менува кога економијата е хиперинфлаторна. Ова, заедно со сметководствените разлики помеѓу МСФИ и американските општоприфатени сметководствени принципи ГААП, значи дека идентификувањето на хиперинфлаторните економии е суштински чекор во процесот на финансиско известување на мултинационалните компании.

**4. The importance of financial reporting for investment decision making**

Во овој труд авторите ја анализират важноста на финансиското известување за донесување на инвестициски одлуки. Процесот на донесување одлуки бара информации, како финансиски, така и нефинансиски. Најважните финансиски информации, потребни во процесот на донесување на деловни и инвестициски одлуки, доаѓаат од сметководството, т.е финансиското известување во компаниите. Затоа, може да се каже дека сметководството е сервисна функција на менаџментот во една компанија. Тоа, во основа, ги обработува или собира и проучува „суровите податоци" и ги претвора во соодветни информации потребни за процесот на донесување одлуки. Основните карактеристики на сметководството се: собирање, обработка и презентирање на сметководствени (финансиски) информации, информации за бизнисот на компанијата и оние наменети за различните заинтересирани корисници. Сметководствениот процес содржи неколку фази и, во основа, тоа е процес во кој влезните податоци се претвораат во излезни информации. Сите организации, јавни и приватни, треба да ги обелоденат финансиските информации поврзани со нивното работење, со цел да им помогнат на инвеститорите во донесувањето одлуки за инвестиции.

**5. Does liquidity and bank capital affect commercial banks profitability? Evidence from countries of Southeast Europe**

Комерцијалните банки секогаш се соочуваат со прашањето на компромис (trade off) меѓу ликвидноста и профитабилноста, обидувајќи се да најдат рамнотежа меѓу нив бидејќи овие две цели се меѓусебно контрадикторни. Во трудот се прави економетриска анализа на односот помеѓу профитабилноста, ликвидноста и банкарскиот капитал во комерцијалните банки во неколку земји од Југоисточна Европа. Освен врската помеѓу променливите, се утврдува и јачината и насоката на таа врска. Резултатите покажуваат дека односот помеѓу

профитабилноста, од една страна, и нивото на ликвидност и капиталот на банката, од друга страна, се разликува меѓу различните земји. Во некои земји овој однос е позитивен, додека во други е негативен. Земјите, исто така, се разликуваат во однос на силата на насоката и во статистичката важност на интерпретираните резултати. Во принцип, анализата покажува дека зголемувањето на ликвидноста ќе резултира со намалување на профитабилноста, додека зголемувањето на капиталот на банката ќе резултира со зголемување на профитабилноста во работењето.

**6. Informative perspective offinancial disclosure and its importance for capital market efficiency**

Предмет на анализа во трудот е информативната перспектива на финансиското обелоденување и неговото значење за ефикасноста на пазарот на капитал. Влијанието на различните фактори врз организациската структура на сметководствениот систем е големо бидејќи под влијание на овие фактори финансиското известување покажува атипично однесување. Може да се заклучи дека овие фактори првенствено влијаат врз сметководствените мерења и практиките на обелоденување, што се рефлектира во подготовката и евалуацијата на позициите во финансиските извештаи на деловните субјекти. Во овој контекст, односот помеѓу пазарот на капитал и сметководствениот систем ја регулира количината на обелоденети информации. Покрај дисхармонизацијата на сметководствените практики во различни национални економии, постоењето на асиметрични информации е неизбежен фактор кој го одредува нивото на обелоденување и транспарентност на информациите, односно одговорноста на деловните субјекти за подготовката и презентацијата на финансиските извештаи. Овој труд, исто така, ја анализира и разновидноста на изворите на финансирање достапни за индивидуалните потрошувачи и за бизнисите и како истите влијаат врз одлуката за избор на конкретен извор на финансирање и врз практиката на финансиско известување во ентитетите.

**7. Fair value accounting – pros and cons**

Во овој труд е анализирана сметководствената објективна (фер) вредност како тема на значителен интерес и дебата меѓу подготвувачите и корисниците на финансиските информации. Фер вредноста продолжува да биде важна мерна основа во финансиското известување. Таа обезбедува информации за тоа што може да оствари ентитетот ако продаде имот или што може да плати за пренос на обврска. Во последниве години, се зголемува употребата на објективната вредност како основа за мерење при финансиското известување и покрај тоа што се дебатира нејзината корисност за заинтересираните страни. Определувањето на објективната вредност често бара различни претпоставки, како и значителна проценка. Затоа, инвеститорите сакаат навремени и транспарентни информации за тоа како се мери фер вредноста, нејзиното влијание врз тековните финансиски извештаи и потенцијалното влијание на идните периоди. Постојат бројни ставки за кои мерењата на објективната вредност се потребни или дозволени. ASC 820 и МСФИ 13 („стандардите за објективна вредност") обезбедуваат авторитативно упатство за мерење на објективната вредност. Сè поголемата употреба на објективната вредност бара од компаниите да ги освежат политиките и процедурите за мерење. Компаниите треба да анализираат како се утврдува објективната вредност кога не постои активен пазар и да

воспостават процедури за развивање на соодветни обелоденувања. Во почетокот на процесот, можеби, ќе треба да се вклучат експерти за проценка. Соодветни и јасни обелоденувања во финансиските извештаи се неопходни за да се информираат инвеститорите за методите на мерење и неизвесноста.

**8. Corporate governance and financial reporting in Macedonia through the prism of independent auditors report**

Овој труд ја анализира важноста на корпоративното управување, со посебен осврт на транзиционите економии. Доброто корпоративно управување вклучува збир на односи меѓу раководството на компанијата, неговиот одбор на директори, неговите акционери, ревизори и други засегнати страни. Овие односи, кои вклучуваат различни правила и стимуланси, ја обезбедуваат структурата преку која се поставени целите на компанијата и се одредуваат начините за постигнување на овие цели, како и следење на работата. Клучните аспекти на доброто корпоративно управување вклучуваат транспарентност на корпоративните структури и операции, одговорност на менаџерите и одборите на акционерите и корпоративна одговорност кон засегнатите страни. Директорите, сопствениците и корпоративните менаџери почнуваат да согледуваат дека ефикасното корпоративно управување може да донесе многу користи. Доброто корпоративно управување помага да се зголеми цената на акциите и го олеснува стекнувањето на капитал. Меѓународните инвеститори се двоумат да позајмуваат пари или купуваат акции во корпорација која не применува добри принципи за корпоративно управување. Особено се важни: транспарентноста, независните директори и посебниот одбор за ревизија.

**17. Ratio Analysis: A “Coca Cola Company” Case**

Целта на овој труд е да се претстави важноста на финансиската рациоанализа, како метод за анализа на финансиските извештаи, чии резултати се основа за донесување различни одлуки од страна на сите заинтересирани страни. Обработена е литературата за најновиот развој во областа на сметководството и финансиското известување и важноста на анализата на финансиските извештаи во процесот на донесување одлуки. За практична илустрација на методот, извршена е анализа на работењето на компанијата Кока - Кола со користење на реални податоци од финансиските извештаи на компанијата за 2016, 2015 и 2014 година. За оваа цел, извршена е вертикална и хоризонтална анализа на основните финансиски извештаи на компанијата: билансот на успех, билансот на состојба и извештајот за парични текови. Спроведени се соодветни пресметки и анализи за оценка на профитабилноста, ликвидноста, солвентноста, активноста, стапката на дивиденда и сл. и истите се објаснети со цел да се избегне пристрасен заклучок кој може да се изведе од номиналната анализа на финансиските податоци.

**34. Effects of IFRS adoption on capital market:Empirical evidence**

Овој труд претставува преглед на академските истражувања релевантни за ефектот од усвојување на Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) на пазарот на капитал. Целта на истражувањето е да им помогне на сите заинтересирани страни во дебатата за иднината на МСФИ во ЕУ и во другите земји што ги усвоиле, преку преглед

на заклучоците од релевантни академски истражувања за трошоците и придобивките од нивното усвојување до денес, како и нивното влијание врз ефикасноста на пазарот на капитал. Студиите покажуваат мешани резултати во однос на придобивките од усвојувањето на МСФИ, што може да се припише на политичките, економските, институционалните, правните и специфичните разлики меѓу компаниите од различни земји. Анализата е целосно базирана на десктоп истражување и истражување на релевантната стручна литература.

**39.Креирање на можности за зголемување на вработеноста во РМ со избор на модели за финансирање на иновативни идеи, преку користење на информации од ревидираните финансиски извештаи на компаниите (научноистражувачки проект*)***

Главна цел на проектот е емпириска анализа на врската и односите помеѓу квалитетот на финансиското известување и корпоративното управување и ефикасноста на инвестициските одлуки на македонските компании преку нивно активно вклучување на пазарот на капитал. Развиеноста на пазарот на капитал и неговото ефикасно функционирање е детерминирана од довербата на инвеститорите во квалитетот на финансиското известување и корпоративното управување.Тргнувајќи од фактот дека информациите во финансиските извештаи се основа за инвестиционите одлуки на сите стејкхолдери, истите треба да бидат ослободени од секакви пропусти, пристрасности и манипулации. Токму ваквите информации, преку кои во периодот на транзиција се настојуваше да се презентира една многу пооптимистичка слика за работењето на компаниите во однос на нивната реална финансиска состојба и успешност, претставуваа и сè уште претставуваат сериозна пречка во градењето на довербата на инвеститорите во финансиското известување на компаниите, а како логична последица и една од поважните причини за ниското ниво на развиеност на пазарот на капитал во Република Македонија. Во рамки на проектот се изготвени повеќе научноистражувачки трудови и истите се презентирани на меѓународни научни конференции.

**41. Финансиско сметководство (универзитетски учебник)**

Учебникот „Финансиско сметководство“ претставува заокружена целина на материјалот поврзан со сметководствената евиденција на сите економски трансакции во профитно ориентираните деловни енитети (трговски друштва). Учебникот е наменет првенствено за изучување на предметот Финансиско сметководство од страна на студентите на Економскиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип за сите насоки на прв циклус на студии, како и за предметот Финансиско известување, за студентите на втор циклус на студии. Учебникот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите стекнување на знаење за целите, задачите и корисниците на финансиското сметководство, изготвувањето на основните финансиски извештаи, како и на начинот на евиденција на сите економски настани и трансакции кои се поврзани со средствата, изворите на средствата, приходите и расходите на деловните ентитети.

**42. Меѓународно финансиско известување (универзитетски учебник)**

Учебникот „Меѓународно финансиско известување“ претставува заокружена целина на материјата поврзана со Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување, како основа за хармонизација на финансиското известување во глобални рамки. Учебникот е наменет, пред сè, за студентите на додипломски и постдипломски студии на Економскиот факултет и останатите единици на Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, кои го изучуваат истоимениот предмет, но можат да го користат и сите останати кои се заинтересирани за оваа проблематика. Учебникот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите стекнување на познавања за целите, делокругот и терминологијата на досега издадените Меѓународни сметководствени стандарди и Меѓународни стандарди за финансиско известување, како и нивните барања за обелоденување на конкретни информации од страна на деловните ентитети кои ги применуваат истите при подготовка и презентација на финансиските извештаи. За таа цел содржи теоретска разработка (цели, делокруг, дефиниции, принципи и барања) на Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување издадени од страна на Одборот за Меѓународни сметководствени стандарди, како и илустрации (практични примери) кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа комплексна и динамична проблематика.

**43. Анализа на финансиски извештаи (универзитетски учебник)**

Учебникот „Анализа на финансиските извештаи“ е наменет, пред сè, за студентите на додипломски и постдипломски студии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, кои го изучуваат истоимениот предмет, но можат да го користат и сите останати кои се заинтересирани за оваа проблематика. Основната ориентација во излагањето на содржината е презентација на една целосна анализа на работењето на компаниите, која опфаќа повеќе елементи: анализа на деловната стратегија, анализа на сметководствените политики и финансиска анализа. Во тој контекст, материјалот опфатен во учебникот е поделен на неколку делови: Основи на анализата на работењето на претпријатијата, Поим, видови и содржина на финансиските извештаи, Анализа на деловната стратегија на компанијата, Примена на сметководствена анализа,политики и проценки во составување и презентирање на финансиските извештаи, Методи на анализата на финансиските извештаи и Проспективна анализа.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на претходно изнесените биографски податоци и елаборираните информации за наставно образовната, научноистражувачката, стручно- апликативната и органиационо-развојната дејностна, пријавениот кандидат за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област сметководство и финансии, на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата со задоволство констатира дека вонр. проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска во целост ги исполнува барањата во конкурсот, согласно Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за

избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Оценувајќи ги постигнатите резултати во текот на образованието и досегашното работно искуство на кандидатот, Комисијата го констатира следново:

1.Кандидатката вонр. проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска има одбрането докторска дисертација од областа на сметководството и финансиите, која соодветствува на областа за која е распишан конкурсот за избор на еден наставник во сите звања.

2.Од листата на објавени научноистражувачки и стручни трудови и нивната содржина, Комисијата утврди дека кандидатката вонр. проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска има објавено голем број трудови од областа на сметководството и финансиите во референтни научни публикации, домашни и меѓународни научни списанија, какои учество на бројни домашни и меѓународни конференции.

3. Преку досегашната работа и искуство на високообразовна институција, во областа на сметководството и финансиите кандидатката вонр. проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска се издвојува и според стекнатото наставно искуство.

4. Стручно-апликативната и организационо-развојната надградба на кандидатот, докажана со приложените сертификати за стекнати квалификации од областа на сметководството и финансиите, несомнено покажуваат дека се работи за кандидат кој може да даде посебен придонес, како во унапредување на сметководствено-финансиската професија, така и во пренос на стекнатите практични познавања на студентите.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката вонр. проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според конкурсот за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област сметководство и финансии.

Оттаму, Комисијата му **предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип да ја избере вонр. проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска во наставно-научно звање редовен професор,во наставно-научната област сметководство и финансии.**

**Штип, март, 2020г.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

проф. д-р Пеце Николовски, редовен професор, претседател, с.р.

проф. д-р Љиљана Конеска, редовен професор, член, с.р.

проф. д-р Ристе Темјановски, редовен професор, член, с.р.

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

**( вонр. проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, период 2015 – 2020г.)**

| **Р.б.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4.** | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | / | | **40** |
| | **ВКУПНО** | **40** | | | | |
| **Р.б.** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) | (*прв автор* р.бр. 1,3,4,6,7,17,22,28,29)<br>9x9поени= 81 поени<br>(*втор автор* р.бр.2,5,8,9,10,11,12,13,14,15,18,19,23,26,31,32 )<br>16x6 поени= 96 поени<br>(*останати автори* р.бр.16,20,21,24,25,27,30)<br>7x3 поени= 21 поени<br>Вкупно=81+96+21=198 поени | | | | **198** |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (р.бр.33-38) | 3 | 2 | 3 | 3 | **15** |
| **10.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | / | / | **8** |
| **13.** | Раководител на научен проект (р.бр.39)<br>(максимум во три проекта) | 1 | 4 | / | / | **4** |
| **14.** | Учесник во научен проект (р.бр.40)<br>(максимум во три проекти) | 1 | 2 | / | / | **2** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **15.** | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) (р.бр.75) | 1 | 1 | / | / | **1** |
| **16.** | Уредник на зборник на трудови (р.бр.76) | 1 | 2 | / | / | **2** |
| | **ВКУПНО** | **230** | | | | |
| **Р. Бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | Книга/учебник (р.бр.41,42,43) | **3** | **10** | **/** | **/** | 30 |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание (р.бр.44-59) | 16 | 2 | / | / | **32** |
| **13.** | Учесник во научен проект (р.бр.60,62,63)<br>(максимум во три проекта) | 3 | 5 | / | / | **15** |
| **15.** | Техничко унапредување<br>- Лиценца за вештачење од областа на материјалното, сметководственото и финансиското работење ( издадено од Министерство за правда);(р.бр.64)<br>- Уверение за овластен проценител на капитал на трговски друштво, јавни претпријатија и други субјекти (издадено од Министерство за економија); (р.бр. 65)<br>- Уверение за овластен сметководител (издадено од Министерство за финансии);(р.бр.66) | 3 | 2 | / | / | **6** |
| **17.** | Елаборати и експертизи (елаборат за прв и втор циклус на студии на Економски факултет,стручни вештачења од областа на сметководствено и финансиско работење) | 10 | 2 | / | / | **20** |
| **22.** | Претседател на Надзорен одбор на Уни сервис, УГД | 1 | | 10 | | **10** |
| **23.** | Декан | 1 | | 12 | | **12** |
| **26.** | Раководител на Катедра сметководство и Раководител на втор циклус на студии | 2 | | 3 | | **6** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **27.** | Член на универзитетски тела (Ректорска управа, Комисија за финансии) | 2 | | 5 | | **10** |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија(ННС, Комисија за признавање испити, Дисципинска комисија, Комисија за промоција на Економски факултет, Комисија за организација на студентски натпревар) | 5 | 2 | / | / | **10** |
| | **ВКУПНО** | **151** | | | | |
| | **Поени кои се однесуваат на целокупната актива на кандидатот** | **НО** | **НИ** | **САОР** | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **40** | **230** | **151** | | **421** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ (УЧЕБНИК) СО НАСЛОВ**
**„НОВИНАРСКА ЕТИКА” ОД ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР Д-Р АНДОН МАЈХОШЕВ,**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1102-48/12 од 191 редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет одржана на ден 3.3.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

1. Вонреден проф. д-р. Трајче Стојанов, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев»-Штип,
2. Вонреден проф. д-р. Јадранка Денкова, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев»

за изготувување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **НОВИНАРСКА ЕТИКА** од **од вонреден проф. д-р Андон Мајхошев** наменет за студентите од прв циклус на студии од насоката Медиумски студии и односи со јавноста при Правен факултет на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот**

Учебникот „Новинарска етика” од вон. проф. д-р Андон Мајхошев претставува континуирана заложба на авторот да ја оформи потребната литература за предметот Новинарска етика наменет за студентите од прв циклус на студии на насоката Новинарство и односи со јавноста, односно Медиумски студии и односи со јавноста на Правниот факултет. Учебникот е подготвен за потребите на студентите од студиската програма Новинарство и односи со јавноста и таа ги содржи сите предвидени тематски целини што се опфатени во предметната програма Новинарска етика, застапена во прва академска година (II семестар во рамките на предметот Медиумско право и етика) и втора академска година (III семестар), со неделен фонд на часови (2+2+1).

**Податоци за обем на ракописот**

Проблематиката што е предмет на рецензијата е претставена во текст од вкупно 172 страници, од кои на три страници се поместени над 91 релевантни библиографски единици, од монографски единици, периодични списанија, статии, извештаи и интернет страници, во најголем дел странска литература што ги покрива подрачјата што се третирани во трудот. Исто така, во трудот се користени најважните меѓународни и регионални акти на ООН, Советот на Европа и ЕУ, кои се тесно поврзани со човековите права од аспект на новинарската професија. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт *Arial*, големина на буквите е 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**

Нагласуваме дека досега во нашата држава е објавен учебник со ист наслов од проф. д-р Дејан Донев на УКИМ, меѓутоа содржината на ракописот и пристапот во пишувањето на учебникот што е предмет на рецензија значајно се разликува концептуално, содржински, методолошки и теоретскиот кон тематските целини опфатени во учебникот.

**Краток опис на содржината**.

Учебникот е напишан на оригинален начин и во него е содржана, речиси, целокупната проблематика од етиката во новинарството. Може да се каже дека трудот претставува научен материјал со висок квалитет, кој може да се примени за стекнување на широки знаења од доменот на новинарството и новинарската етика како за студентите, така и за пошироката јавност. Во таа смисла, учебникот како учебно помагало претставува основен едукативен пишан стручен материјал, приспособен на потребите за образование и едукација во областа на новинарската етика. Затоа сметаме дека овој учебник е од извонредно значење како од теоретски, така и од практичен аспект.

Од содржински аспект, учебникот е структуиран во три дела и тоа: во **Првиот дел** се дадени основните карактеристики на новинарството и новинарската професија, столбовите на кои се се потпира новинарството, како и улогата на медиумите и новинарите во општеството.

**Вториот дел** се однесува општо за теоретските аспекти на етиката и моралот, додека **третиот дел** се фокусира на Етичките аспекти на новинарската професија, каде подетално се разработени сите професионални и етички стандарди на новинарската професија.

Пред да ги истакнеме нашите оценки за трудот, како и предлогот, најнапред во скратена форма ќе ја презентираме неговата содржина.

Во **Делот I** од учебникот авторот дава одговор на две суштински прашањања поврзани со насловот на учебникот. Тие прашања се: Што е новинарство? Што е работата на новинарот и новинарството? Во рамките на овие прашања авторот го објаснува значењето и моќта на зборовите, спакувано во една либерална теорија и филозофско гледиште на слободата на изразување како темел на демократијата и медиумската професија.

Во **Делот II** авторот дава приказ на еволутивниот развој на Етиката низ призмата на повеќе политичко-филозофски теории и правци и религиски погледи од античкиот период до днешен ден. Во рамките на ова теоретска целина авторот ги одредува поимите на етика и морал, ја објаснува разликата помеѓу етиката, моралот и правото, ја објаснува разликата помеѓу теориската и практичната етика. Исто така, во рамките на вториот дел од учебникот, авторот во неколку систематизирани поглавја подетално се задржува на теориското објаснување на поимот **морал,** каде авторот ја определува дефиницијата на моралот, манифестационите форми на моралот, а ги објаснува и фундаменталните морални категории како што се: доброто и злото, моралните вредности, должноста и толеранцијата. Исто така, во рамките на овој дел, авторот се задржува на филозофските основи на теориите на моралот, религиските извори на етиката, позитивните и негативните карактерристики на личноста, мобингот во новинарската професија, односот на етиката и политиката, универзалноста на етиката, етиката и човековите права, современите етички концепции, професионалната етика, професионалната етика на новинарите во Република С. Македонија, односно Кодексот на новинарите на Македонија, Декларацијата за правата и обврските на новинарите, Декларација за принципите на однесувањето на новинарите и теоретскиот концепт на саморегулацијата.

Во **Делот III** авторот се осврнува на прашањето на новинарската етика низ призмата на професионалните стандарди на новинарската професија. Во рамките на овој дел, во учебникот детално се анализирани најважните професионални стандарди на новинарската професија во кои спаѓаат следните: точно информирање, слобода на изразување и слобода на медиуми, цензура и автоцензура, правата и одговорноста на новинарот и медиумот, политичката култура и медиумите, медиумите и бизнисот, рекламирањето и прикриеното рекламирање, заштита на авторски права и плагијаторство, заштита на приватноста (право на приватност), заштита на малолетници и лица со посебни потреби, малолетни престапници, основни принципи на УНИЦЕФ за известување за деца, известување за самоубиства, известување за несреќи и лични трагедии, известување за маргинилизирани групи и поединци, новинарите и политиката, новинарската етика и изборите, заштита на изворот на информација, говор на омраза *(Hate speech),* декриминализација на клеветата, право на одговор и исправка, презумција на невиност, корупцијата, медиумите и новинарите, известување за различностите, разликување на вести од коментар, некои други етички прашања на новинарската професија, сензационализам, сатанизација и медиумски линч, секундарна виктимизација, новинарски прогнози и шпекулации за одредени настани, известување за време на војна, извртување на вистината (спинување), лажни вести, медиумска писменост, медиумите и манипулирањето со јавноста, меѓународна контрола на остварување на слободата на медиумите, улогата на УНЕСКО во промоцијата и заштитата на слободата на печатот (медиумите) во светот и др.

## З А К Л У Ч О К

Учебникот со наслов „Новинарска етика» на авторот вон. проф. д-р Андон Мајхошев методолошки, систематски и логички е подреден на современ начин каде во три дела и 29 поглавја (тематски целини) се прикажани и објаснети најважните етички поими и категории на новинарската етика како важна новинарска дисциплина. Материјата е презентираната на еден јасен, сфатлив, студиозен, стручно-методолошки начин поради што студентите ќе можат оваа материја без тешкотија да ја совладаат. Сметаме дека овој труд ќе им овозможи на студентите да се стекнат со потребните знаења за оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност и затоа со големо задоволство препорачуваме да биде објавен.

Врз основа на погоре изнесеното, предлагаме на Научно - наставниот совет на Правниот факултет во Штип ова учебно помагало (учебник) со наслов „Новинарска етика" од вон. проф. д-р Андон Мајхошев да го одобри за издавање.

**Штип, 10.3.2020 г.** **Рецензенти**

1. вон. проф. д-р Трајче Стојанов с.р.
2. вон. проф. д-р Јадранка Денкова с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од Наставно - научниот совет на Докторски студии на Кампус 4**

| **Докторски студии – Кампус 4** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Современи трендови и перспектива за развој на кетеринг услугите<br>Modern trends and perspective for development of catering services | 0206-217/4 од | Интерен ментор: проф. д-р Нако Ташков<br>Екстерен ментор: проф. д-р Васко Цуцулески | Зоран Николовски |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од Наставно - научниот совет на единицата**

| ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ | | |
|---|---|---|
| **1.** | ***Наслов на тема*** | Примена на финансиската анализа во оценка на кредитната способност на компаниите |
| | ***Одлука бр.*** | 1202-44/10 од 28.2.2020 г. |
| | ***Ментор*** | проф. д-р Оливера Ѓоргиева - Трајковска |
| | ***Кандидат*** | Ана Тодосиевска |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | | |
| **2.** | ***Наслов на тема*** | Улогата на работните тела при законодавните органи во процесот на интеграција во Европската Унија на земјите од Југоисточна Европа со посебен осврт на македонските работни тела |
| | ***Одлука бр.*** | 1102-48/25 од 4.3.2020 г. |
| | ***Ментор*** | проф д-р Јован Ананиев |
| | ***Кандидат*** | Силвана Бонева |